СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 347/45
27.01.2022 година
Кавадарци

ЗАПИСНИК

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 6-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На денешната седница се присутни 17 советници во сала и 2-ца советници ќе го следат Советот на Општина Кавадарци преку технологија, преку зум. Тоа се Филип Тасев и Марина Крстева. Двајцата се поради изолација во домашни услови поради Ковид пандемијата.

За работата на 6-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на ден 27.01.2022година.

Пред отпочнување на седницата Ве известувам дека со писмено барање со арх.бр.08-581/1 од 26.01.2022 година од Иницијативен одбор за спас на Тиквешко езеро, поврзано со точка 34 од предложениот дневен ред за денешната седница, се бара присуство на 8 претставници на расправата по оваа точка и ве известувам дека истите ќе присуствуваат на седницата, за расправата на оваа точка.

Ја отварам 6-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес. Според Деловникот за работа значи рековме дека двајца советници оправдано не се физички присутни и истите ќе ја следат преку телекомуникациска врска.

Се прозиваат двајцата советници да се произнесат дали се присутни.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Петтата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 24.12.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од 5-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Повели Петар Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, почитувани колеги советници, медиуми, останати присутни. Се јавив за збор за Записникот затоа што од страна на нашиот колега советник Вуко Мелов во после Новогодишните празници имаше дадено facebookстатус на социјалните мрежи дека неговите Амандмани биле отфрлени. На страна 24

во Записникот добро стои таму дека советникот Вуко Мелов сам ги повлекува Амандманите и тоа забележувам доколку не верува на Записникот може да си ја провере и снимката на you tube од одржаната седница. Затоа би морал, не ни доликува на нас како советници да шириме лажни вести и да кажуваме невистини во однос на тоа што тука го работиме. Би сакал овие случки понатаки да бидат анулирани и сведени на нула.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Репликв.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака колега. Не бевте присутни на координацијата, мислам бевте присутен на координацијата, се кординиравме. Јас предлозите ги тргнав настрана со цел да не се губе време да се гласа, заради тоа што имате 10 души и беа отфрлени од ваша страна и конкретниот Амандман беше отфрлен од ваша страна, значи подобро читајте ги статусите и подобро мислам информирајте се, да не испадне да имаме забуни.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Само уште едно прашање. Значи ми е чест, посебно што ми кажавте дека вие ги повлековте. Значи јас зборам дека вие ги повлековте Амандманите. А бев на координацијата, да. Да ние разговаравме за нив. Ние разговаравме. Амандман се прифаќа на седница бре колега, значи не се прифаќа на координација. На координација разговаравме за тиа Амандмани и ти рече дека ќе ги повлечиш. Како. Значи дека имаме таква мерка веќе дадено.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Значи како што спомна колегата Амандманите не се повлекуваат претходно, се ставаат на гласање и таму се изјаснуваат сите советници нели поединечно, кој какво мислење има и каков став. Колега вие доколку сакавте да знаете нели какво размислување и каков став имаме врз основа на тие Амандмани, не требаше да ги повлечете, требаше да ги оставете Амандманите и да ги ставиме на гласање. Вие ги повлековте пред да се стават на Дневен ред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Мелов од место. Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ Каков беше вашиот став на координацијата во однос на тој конкретен Амандман.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи г-дине советник Вуко Мелов јас бев присутен како Претседател на Совет. Амандманите што беа доставени од ваша страна вие сами си ги повлековте. Вие не дозволивте на истите тие Амандмани да бидат гласање. Благодарение на координацијата и благодарение на заложбата на Градоначалникот имавме координација и истите тие Амандмани ако беа ставени на гласање тука можеме да ги отфрлиме, бидејќи има мнозинство на Совет. Значи благодарение на нашата координација и заложбата на Советот на Општина Кавадарци да не биде цел на власт на мнозинството над малцинството како што има начин да функционира во наредните четири години на таа координација бевме кај Градоначалникот координаторите заедно со Градоначалникот. Вие сами си го

повлековте тој Амандман и затоа во идно време во нашиот став ние не, нашиот став ти си го повлечи и не го дај да го гласаме. Не значи вие сами си го повлековте. Ќе ве замолам во идно време да бидиме малце потранспарентни и да нема такви fake news вести, за да малце да биде подобро за граѓаните на Општина Кавадарци. Добро.

Го ставам на усвојување Записникот на претходната седница. Кој е за молам да крене рака.

Едногласно. Филип. За.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Петтата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1 Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година-4-ти квартал;

Поради поврзаност со наредната точка се предлага точка

2.Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Повели. Процедурално. Едногласно. Во ред. Прво процедурално.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Градоначалник, Претседател, колеги, медиуми и останати присутни. Разговарав кратко со советникот од СДСМ, докторот и со Претседателот. Нема потреба од таа точка. Имат направено некоја мала грешка што можеме на кратка пауза од 15 минути да ја средиме, а грешката е у тоа што сумата на пари што е дадена на оглас, треба да се дели комплетната сума и да се прави бодирање. Има теркови на бодирањето од претходни години. Не побараа малку помош или пак да го виделе како оди бодирањето. Значи не одиме во тоа да сумата на пари што е дадена од комисијата останува иста, не мењаме во парите, само бодирањата се погрешени. Еден клуб ако има 100 бода има 100 000, другиот има 95 бода има 300 000. Лесно се исправа. На кратка пауза од 15 минути да ги средиме бодирањата. Ова ќе предизвика после и нова јавна набавка, нов оглас, ова е исто тендер како и комунална изградба. Значи кратка пауза по втората точка. Нема да има промени во цени, бодирањето само го средуваме, а параметрите остануваат исти. Грешка во процедура.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитуван Градоначалник,

почитуван Претседател на совет, почитувани граѓани, почитувани колеги советници, медиуми и останати. Колега ти со сите си се консултирал, само со мене не си се консултирал. Не знам зошто и од која причина, дали за политички поени или не. Значи вака. Финансиите кои што се доделени врз основ на бодирање се за овие клубови кои што спомнавте се истата сума која што ја делевте како комисија претходно, а ти беше претседател на таа комисија и тие средства како што гледате нели во програмата се исти. Ние како Комисија за спорт заедно едногласно донесовме одлука каде што се прави измена во тој Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства се со цел да биде правно издржано и да има некој основ каде што член 4 се менува и гласи дека Комисијата за спорт ќе одобри финансиски средства без бодирање, согласно финансиските потреби на следните апликанти, професионални акционерски друштва, регистрирани на подрачјето на Општина Кавадарци во кои Општината има акционерски капитал Општински сојуз на училишен спорт, училишни спортски клубови и Сојуз на спортови. Значи тие кои што ви ги прочитав влегуваат во Финансискиот План без бодирање. Се врши измена само на Правилникот се со цел да биде правно издржано. Претходно вие ги делевте како комисија истите средства како што се за во програмата за оваа година, ама не беа влезени во Правилникот. По кој основ и по кое бодирање вие ги дававте тие средства тоа да ми го објасните.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега немој да ме сфаќаш дека ве напаѓам. Значи Тони гледај ме во очи. Значи ние. Значи немам јас погрешно сфаќање од вас или пак да ве негирам. Сумата на пари што сте ја поделиле е прифатлива и не ја мењаме. Бодирањето што го имате направено, имате погрешено дали од незнаење или од немарливост, или не сте обрнале внимание или не сте побарале помош. Сега кога си дал оглас за 12 000 000, по Сојуз на спортови тие идат фиксни пари. Ти ги даваш на јавен тендер сите пари и сите клубови учествуваат и ти мораш сите да ги бодираш, да најдиш начин да ги бодираш со едно бодирање. Бодот мора да биде ист за сите и тоа решение сме го наоѓале ја и ти заедно. Ти си бил у Комисија за спорт. Слушај ме до крај внимателно. За да не правиме нови постапки, си си пуштил јавен повик, си ги поканил сите клубови, учествуваа и сега ти текнало да ги делиш парите и не те фаќа ум како да ги делиш и бараш начин сега после огласот, после поднесување на документи овие се акционерски клубови на Општината. Ако се акционерски, сумата пак ќе остане на фудбалот и на ракометот и на сите останати 50 клуба, за сите иста, нема да мењаме сума. Тоа што комисија донела одлука сумата да е

толку пари, тоа нема да го мењаме. Многу е полесно. Оти ова што сакате сега да мењате, ви реков ако брзаме во Комисија за спорт дека ќе згрешиме, еве ова е првата грешка, сте ја направиле со бодирањето втората грешка еве носиме некој нов Правилник. Кога се дава оглас или тендер со тие правила кои што ги даваш со тие оди до крај. За да не правиме грешка, слушај ме внимателно. Ако фудбалот има 5 000 000 има 100 бода. Бодот го делиме со тој што има 1(00 бода. 100 бода е фудбалот, има 5 000 000 и бодот изнесува 50 000. Значи 1 бод е 50 000. У табелата ги има сите пари што си ги поделил на сите клубови. Последната графа ти е пари. Претпоследната ти е бодови. Назад го враќаш процесот. Ракометот има 2 000 000. Бодот е 60 000. Парите се 60 000 еден бод. Тиа 2 000 000 ракомет ги делиш на 60 000 и ракометот излегува дека има 35 бода или 30-тина и на сите така клубови правиме. Тоа е 15 минути работа на комисија, а табелите и бодирањето остануваат после да ги вратиме назад и тогаш ти е математиката точна. Ако дојде некоја ревизија или било која комисија нема да рече зошто си му дал 0,1 бод, толку дозволува комисијата од 1-15 бода треба да даде, не од 1 од 0. И 0,1 бод ако дадиш е ок. Не предизвикуваме проблем од некоја ревизија или од нешто друго. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Две минути трае репликата.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не е реплика. Докторе немој да ме сфатиш погрешно. Не е реплика. Ова е објаснување.Тоа е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ама кога ќе има точка ќе зборуваш за тоа.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Докторе не сакам овој Совет и овој Градоначалник еден бод за еден клуб да биде 1000 денара, за другиот 5000 денара, а па третиот да не го туреме во бодирање. Се јавил на јавен оглас. Исто како Градоначалникот да распише оглас и да рече овие две фирми нема да одат со надавање, ќе имат иста сума што понудиле, а овие другите ќе ги надаваме. Да го запазиме редот, да бидеме исправни пред законите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ти си го кажа својот предлог. Истиот ќе биде ставен на гласање. Процедурално сега го објасна, бидејќи репликата

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не е реплика

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: кон Тони Нешковски советникот помина повеќе од две минути, јас истиот ќе го ставам на гласање.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Докторе не да го ставиш на гласање. Немам предлог ја викам кога ќе дојде точка број 2, правиме пауза 15

минути, ги средуваме книгите како што треба, ниедна сума, ниеден динар на ниеден клуб нема да му фали. Зошто да правиме, ова ќе ти предизвика да го кутниш огласот, па нов оглас. Зошто да правиме. 15 минути пауза тројца, делиме бројки и ги даваме на гласање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ќе го дадиме тој предлог на гласање. Само на кратко докторе и одиме на гласање. СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега Сакалиев значи пак не ми одговоривте како ги бодиравте Тиквеш фудбалскиот клуб и ГРК Тиквеш. Како ја доделивте таа сума од 5 000 000 денари и за ГРК Тиквеш од 1 800 000 денари. Значи како ги бодиравте. Има таму многу нелогичности. Јас тогаш не бев член на комисија, после тоа станав член на комисија. Кога се вршеше тоа бодирање не бев член на комисија. Значи ние на комисијата заедно со службите извршивме најтранспарентно бодирање на сите апликанти кои што имаа аплицирано за финансиски средства од областа на спортот и беше едногласно усвоено од страна на цела комисија.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Докторе слушај ме уште еднаш. За медицина што и да кажиш јас се согласувам. Он ми вика како. Е сега ќе ви објаснам докторе како.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи г-дине Ристо Сакалиев имате точка на дневен ред, кога ќе дојде точката тогаш ќе си кажете што и како.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Истата сума од 5 000 000 носи 100 бода и 5 000 000 на фудбалот сте ги дале. Исто ќе бидат дадени. Ние не мењаме во пари. Ние бодирањето го средуваме да не дојде утре до ревизија, до проблем. Не на двата, на првиот само. Тони на првиот му даваш пари толку колку.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи ве молам ова е утврдување на дневен ред. Значи г-дине Ристо Сакалиев дај да се држиме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Дај уште еднаш да покушам да ви кажам, како сакате гласате, во сумата во пари. Тони да ви кажам како доаѓаш до сумата. Фудбалот е градски на Општината, му даваме, се договараме сите заедно и викаме фудбалот му требат оваа година 5 000 000 и тргаме од таму, на фудбалот му требат 5 000 000 и на него му даваме 100 бода и тој има 5 000 000, сите наредни ги враќаш назад да ти се поклопи бодот да биде за сите ист, да биде 50 000 или 60 и ти мењаш само во графата каде што имаш право како советник по овие критериуми да ставаш и у критериумите ти можиш да ставаш од 0 бодови па до 20, до 50 до 100, за да бидеме математички исправни. Сумата на парите останува, ние ги мењаме бодирањата. Знаеш колку е

битно дали ќе му. Не сум турал 100 бода. Немој да ме гледаш. Слушајте колеги, ние сме ставале на овие клубови што имаат малку пари 0,01, некој имал 1 бод, некој имал 100 бода. За да бидеме пред законот чисти мора фудбалот да има 100 бода, ракометот 30, другите да бидат испод таа бројка за да биде бодот за сите ист. Да бидеме исправни. Ти му даваш 100 бода на едниот, на другиот 100, едниот да зима. Значи ние сакаме она табелата да ја смениме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да ти се заблагодарам за твоето мислење. Табелата е усвоена, изгласана на советот, помината е, Комисијата за спорт беше присутна, Комисијата за спорт едногласно.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Го повредуваш законот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не е во ред. Не е математика

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Мене ми е многу жал советник Ристо Сакалиев што вие не сакавте да бидете член на таа комисија спорт, а очигледно имате многу големи познавања. Жал ми е што не се уклучите за да биде пофункционална. За гласање ќе го ставиме твојот предлог. Кој е за предлогот молам со гласање. Кој е за. Точката да влезе, точка 2 значи да влезе во дневен ред. Кој е за. Едногласно. Сите за. Советниците кој е за,за да влезе точката. Добро. Констатирам дека е усвоена предлог точката за промена на Правилникот да влезе во дневен ред.

3.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година

6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

7. Предлог-Одлука за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци;

8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

9. Предлог-Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација сојавноста" во 2022 година;

10. Предлог-Одлука за продажба на движни ствари моторни возила восопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;

11. Предлог-Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;
12. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПШбра2®/2^ поведен пред Основен суд Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП1бр137/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВППбр138/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за примање донација ( улични канделабри) од Друштво за производство, трговија и услуги „Кожувчанка„ ДОО увоз-извоз Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
17. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
18. Предлог-Решение за именување на членови на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин „ Кавадарци;
19. Предлог-Решение за именување на членови на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;
20. Извештај за реализацијата на Програмата за изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2021 година;
21. Извештај за реализацијата на Програмата за Нова година „ Среќна Нова 2022-ра“;
22. Извештај за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2021 година;
23. Програма за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2022 година;
24. Годишен Извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2021 година;
25. Локален акционен план и програма на Комисијата за еднакви можности за 2022 година;
26. Предлог-Одлука за давање согласност на Информација, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

27. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
28. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
29. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на сообраќајни знаци и столбови на територијата на Општина Кавадарци и за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
30. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и: прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
31. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
32. Одлука за продажба на расходовани основни средства од спроведениот попис за 2020 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
33. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
34. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;
35. Иницијатива за спас на Тиквешко Езеро-Кавадарци;

Согласно член 59 став 1алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Истата ја ставам на гласање. Кој е за.. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 36

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за

уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркирашта ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена точката.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 37

-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред-

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 38

Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион - Тиквеш-Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 39

-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион - Тиквеш-Кавадарци;

Согласно член 59 став 1алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за субвенционирање на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 40

-Предлог-Одлука за субвенционирање на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Согласно член 59 став 1алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 41

Согласно член 59 став 1алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог- Одлука за утврдување на даночна основа за пресметување на данок на промет на заедничките/посебни делови во стамбените згради;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. 14 за, против 5.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 42

Предлог – Одлука за утврдување на даночна основа за пресметување на данок на промет на заедничките/посебни делови во стамбените згради;

Согласно член 59 став 1алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПШбф76/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за. Едногласно е усвоена предлог точката за промена на предложениот дневен ред..

Констатирам дека едногласно е усвоена предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 43

-Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПШбф76/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Предлагам последна точка советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советнички прашања. Последна точка Тиквешко езеро 34 точка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Последна точка Тиквешко Езеро пошто таа многу ќе трае 3 саата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред предлогот на градоначалникот го ставам на гласање и предлогот на советникот Вуко Мелов. Кој е за. Едногласно усвоен.

Во ред пременуваме кон реализација на денешниот дневен ред на 6-тата по ред седница на совет на Општина Кавадарци.

1 Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година-4-ти квартал;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани советници, Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет. Како прва точка на денешната седница е:
Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за последниот четврти квартал за 2021 година.
Според овој извештај значи може да забележиме остварување на приходите во износ од 82,56% во однос на планираните приходи. Исто така во делот на расходите имаме сличен процент 82% или тоа значи дека буџетот не е остварен во износ во проценти во 18% во однос на планираните. Според структура во делот кај приходите најголемо остварување има кај приходите од наменските дотации, тоа се средствата што доаѓаат од државниот, републичкиот буџет 96,93%, а најмало остварување имаме во делот на самофинансирање, на приходи од самофинансирачки активности 53%. Другите приходи, редовните буџетски приходи се 80%, приходите од донации 63% се остварени и приходите од кредити се 55% или тоа значи дека сме се задолжиле помалку во однос на тоа што било планирано. Во делот кај расходите значи процентот на остварување е исто 82% со тоа што како што и досега ги правевеме анализите на претходниот квартал и во ребалансот и во буџетот што го предложивме за 2022 година карактеристиките се исти. Значи имаме поголем процент на остварување на тековно оперативните расходи, а помал процент на остварување на капиталните расходи. Таквата структура на остварување се провлекува кај сите поединечни програми. Значи поголем

процент се остварени тековните, тие околу 90 или нешто над, додека капиталните расходи се со остварен процент помалку од планираниот. Еве вака колку заради запознавање на пр. По одделни структури на ставки на расходи кај Плати и надоместоци има 97, тука има голем процент на остварување, кај стоки и услуги има 70 помал процент, кај субвенции трансфер има 90, приближно 95, социјални бенефиции 78, додека кај капиталните расходи е 70, значи под просекот на остварените расходи. По пооделни програми значи може да се потенцира дека кај локалниот економски развој, кај Програмата за изградба и реконструкција на Локални патишта и по Програмата за средно образование имаме остварување на поголем процент на капитални расходи во однос на расходите за оперативно тековни расходи. Значи треба пак да потенцираме дека капиталните расходи се побитна ставка и во тој дел треба да бидеме насочени, да се остваруваат повеќе заради тоа што тоа се расходи што всушност се инвестиции во капитални објекти и опреми што општината и граѓаните на Општина Кавадарци ќе ги користат подолг период, значи и ќе ги користат исто така идните генерации. Ние со буџетот што го предложивме за 2022 година направивме кратење на овие капитални расходи и затоа сега треба да бидеме насочени кон реално остварување на поголем процент или да не дојде да во случај во следната година да имаме остварување на помал процент на капиталните расходи во однос на тековно оперативните расходи. Сакам уште еднаш да повторам дека со последниот ребаланс што го направивме, ние направивме намалување на буџетот на приходите и на расходите за околу 18%. Сега со овој извештај гледаме дека иако сме направиле намалување на тој буџет, сепак пак не сме го оствариле, значи имаме пак намалено остварување за 18%. Значи имаме реален пад на остварување на приходите, а со тоа мораме и да трошиме помалку значи пад и на расходите. Затоа и буџетот што го изгласавме за 2022 година е помал од претходниот буџет од 2021 година и треба да се насочиме кон поголем процент на остварување на овој буџет во 2022 година за да немаме континуиран негативен пад на буџетот на Општина Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани сограѓани, почитувани медиуми, почитуван Претседател на совет, почитувани советници, пратеници. Прво сакам денеска да им го честитам празникот Св. Сава на српскиот народ и на жителите на нашата држава кои се од српска националност. Нека им е честит. Второ во врска со буџетот сакам да заклучок донесиме од цела дискусија која што ја имаше и советничката Богева, дека остварување од 80% или 75% на буџетот што воопшто значи како остварување на буџет. Јас доаѓам од приватниот сектор и секогаш кога нешто се планира, се планира со 20-30% плус, а оставарување доколку го достигниме во 100 процентност, значи нешто што треба да се случе , кое што не сме го предвиделе во моментот и тој еден буџет

не може да биде донесен и да биде со точно 95%. Меѓутоа само ќе дадам како податок дека во цела држава, во сите општини во овие 4 години сме општина со далеку, далеку предводиме од сите други општини во остварување на буџетот. Кавадарци во последните 4 години доби пределба во инфраструктурни објекти, во инфраструктурни, комунални дејности. Тоа граѓаните го гледаат, граѓаните го осетија на своја кожа, малтене нема уличка не асфалтирана, улично осветлување задоволително, колекторски систем изграден, градинки заедно со сите дотични министерства, со Владата и се она што успеавме како Општина да го направиме за 4 години и нема да коментирам многу само ќе кажам дека тоа граѓаните го потврдија пред 3 месеци со 15 260 гласа наспроти 4600. Тоа е нашиот легитимитет тука денеска да разговараме и за буџет, да разговараме и за наредниот буџет. Да во право сте 22 година насочивме повеќегодишни програми. Имаме три годишни, две годишни и едногодишна програма каде што суштинските проблеми на граѓаните како што е улицата Лазо Асијата, Западен Булевар од Желков Дол до Кавадаречки Дол, од 25-ти Мај до Младост улицата во Глишиќ, поврзување со Домовица. Тоа се суштински капитални инфраструктурни објекти кои што 30 години ги чекаат граѓаните и ги ставивме во 3 годишна програма да ги завршиме во овој мандат, нормално тука се ставени изработка на сите спортски терени, ставени се повеќе спортски, наменски реакреативни детски игралишта со сума од 28 000 000 денари кои што ќе имате после презентација на 3 годишна јавна набавка, каде што секое маало, секоја месна и урбана задруга ќе добие катче за своите најмили и за дечињата и мислам дека виќе Општина Кавадарци е таа која што доликува на една општина од високо ниво на карактер. Имено сакам да ве информирам дека државните институции имаат остварување ланската година на капитални програми од 20-25 %. Тоа е катастрофално ниско ниво, а ние сме некаде на 80% како општина што е за мене гордост за Општина Кавадарци. Исто сакам да потенцирам и еве како советници од владејачкото мнозинство од Владата да ни дадете информација до каде е затворениот базен кој што локацијата Општина Кавадарци ја обезбеди, ја очисти локацијата, донеси урбанизација, е во фаза на издавање на градежна дозвола, се чека и од Агенцијата за млади и спорт од месец мај, па до денеска да се распише тендерот за затворен градски пливачки базен за нашите најмили, за учениците. Немаме информација. Знаеме дека тендерот сеуште не е распишан, по која причина не знам. Второ сакам исто да дадите информација затоа што ова сето беше пред 3 месеци тема на разговор во изборна кампања и ветување на граѓаните и вие го ветувавте и ние го презентиравме на самите граѓани. Да дадите информација зошто за 60 000 000 денари сеуште не се завршени 400 метра, односно поточно 350 метра од Глишиќ до Марена асфалтирањето на патот кој што е во таква лоша состојба оставено, изгребано, со дупки и до сега има евидентирано ПС три сообраќајки

кои што се индиректна причина оставањето на патот во таква состојба. Исто дали е во програма ставен патот за реконструкција која што го вети екс премиерот Заев од Мрежичко до Мајден, кој што требеше од 22 година да го почниме со реконструкција и заобиколницата за која што треба да изготвиме проектна документација. Како што добро кажавте дека Владата добро си ги дава блок дотациите за плата, меѓутоа уште тоа да почниме да не го исполнуваме и плата ќе имаме социјален немир во цела држава. Значи капиталните инвестиции кои што се врзани заедно со државата кои што ги имаме во програма и ги имаме при министерството кои што ни следуваат да да ги добиеме како општина, сега тука имаме и пратеник од опозицијата и од позицијата да видиме до кај се тие сите работи и дали Кавадарчани реално од државата ќе ги добијат тие благодети кои што ги ветувавме заеднички и ги презентиравме пред нашите сограѓани во Општина Кавадарци.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели реплика Вуко Мелов. Свое гледиште за точката. Не пола - пола, значи ако е реплика е реплика, ако е излагање е излагање. Сигурно има и информација ајде.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро сега малце со иронија тераме, добро. Вака не е коректно Градоначалниче од ваша страна, бидејќи бевте еден од финансиски најподржаните градоначалници од централната власт, после одреден временски период да напаѓате , значи вие имате формални канали на комуникација со кои што може да се обратите до централните институции да добиете одговор, сте добивале и претходно, ја не верувам дека и сега не би ве удостоиле со одговор. Така да можете да се информирате и сами во тој дел. Е сега ќе почнам во делот на кварталните извештаи. Спомна и колешката Веса Богева значи има реализација на приходите на Општина Кавадарци од 81%, меѓутоа кога ќе ги тргнете од таму реализацијата на наменските блок дотации реализацијата на приходите е значително пониски изнесува околу 65%, значи во однос на блок дотациите вие го добивате готово од страна на централниот буџет и тука нема ништо Општината удел. Добро сега. Не, не дотациите ги добивате така. Без проблем. Ама дотациите ги добивате без проблем, значи кога ќе ги тргнете дотациите настрана без проблем дотацијата на приходите е 65%. Кога ќе ги тргнеш дотациите настрана кои што ги добиваш во пари од централната власт реализацијата на оние приходи, коишто треба да ги оствaре Општината е 65%. Тоа е тоа. Значи имате по одредени ставки, ниски реализации имате 5%, имате во одредени ставки 43%, 27% реализација на ова и на крај сето тоа резултира со намалување во делот на капиталните расходи кој што изнесува 70% во однос на она што било планирано. Тоа е во делот на реализацијата на буџетот. Јас сакам повеќе да разговарам Градоначалниче бидејќи го гледав вашето интервју, новогодишно интервју на КТВ Телевизија. Вие рековте дека долгот за кој што ние постојано ве малтретираме на некој начин, на секоја нова седница дека долгот бил фикција, дека не постое, дека

ние сме го измислиле нешто.Еве јас обезбедив конкретни информации од страна на институциите. Врз основа на К2 Извештајот со 31.12 доспеаниот, а неплатен долг према компаните изнесува 88 000 000, на тоа надодадете го оние кои што не се доспеани, за коишто исто така добивме информација дека изнесува 136 000 000. Со 31.12. еве го, од финансии 136 000 000 31.12.. Документот еве го, од финансии. Ајде Раководителот на сектор нека дојде. Нека дојде, нека потврде дека овој документ е издаден од нејзе. Нека дојде повикајте го Раководителот на секторот да потврде дека овој документ е издаден од нејзе. ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ние не го спориме документот или сите работи. Ние сме ликвидна Општина со оперативен буџет.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не вие го споревте документот.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не го спорам документот
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Викате нема печат.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не можам да гледам документ кој што не знам кој ти го дал и од кај ти е, ок небитно.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Раководител на финансии.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во моментот има улици, планирани тендери кои сме ги распишале, а не сме ги извеле и тие се водат како договори склучени и влегуваат во финансии, секој јавен повик,кој што е тендериран веќе влегува во оперативен отворен долг, а не е изведен. Имаш таква ставка и имаш ставка на изведени работи кои се по ситуации. Така да Општина Кавадарци одговорно тврдам дека Оперативен долг е точно дека има 82 000 000 или 85 тоа е оперативниот, вкупен долг на Општината, а плус 130 000 000 нема. Тоа е вкупниот долг на Општината. Зборам оперативен долг, кредитно од претходниот мандат уште пред мене имавме 40 000 000 кредит, кој што го затворивме како кредит, а ако ги гледате таму ставките во делот на уличното осветлување и расвета каде што имаме долг од 56 000 000 денари, ама тоа се анулитети за наредните 45 рати. Значи тоа се рати кои што треба да ги доплатиме. Ама не влева во оперативен долг денеска. Значи да не ги мешаме работите, ај сега да знајме што е долгорочно, што е краткорочно. Опретивниот долг на Општината е 84/85 000 000 денари и тоа е релативно низок долг на една Општина каде што не е ни милион и полевра, а нашиот буџет основен е околу 400 000 000 денари. За жал Град Скопје ако го израчунаш по тој начин и таму се натегаат советниците како тука, едните викат е долгот 150 000 000, другите викат е 80 000 000. За милиони евра зборат долг. Ние збориме за 80 000 000 денари на Општина која што нашиот долг е во добра кондиција. Опративен долг на Општина Кавадарци е 85 000 000 денари. Да. Ако ги собериш и анулитетите и ратите каде што некој земал тендер на поизведување 40 рати да плате, тоа доаѓа негде до 110 000 000 денари, меѓутоа тие 40 000 000 денари се по прилив од граѓаните за електрична енергија, а анулитети во делот на уличното осветлување кое што го направивме. Јас

мислам дека беше компанија Ел монт и Елекро ват, две компании се коишто се грижат за уличното осветлување.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може. Вака тука пишува образец К2 Квартален извештај за достасани, ненамирени обврски. Значи овие обврски ви се достасани со рок од траење од 60 дена. Фактура рок на траење 60 дена, поминат е рокот на плаќање, значи станува збор во К2 за доспеани обврски коишто Општината треба да ги плате. Овој документ од 136 000 000 што го добив од секторот финансии се долгот на недоспеани обврски. Значи кога се рачуна долгот се зема се. Да али овие ќе доспеват во наредниот период, дали во 30, дали во 60 дена. За така зборувам јас. За доспеани и недоспеани.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Од тие 136-те ги вадиш 85, не ги додаваш на 136-те
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Па не ги додавам. Не, не ја викам дека овие 88
ГРАДОНАЧАЛНИК:Значи бруто долг доспеани и недоспеани 136
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Така е се слагаме
ГРАДОНАЧАЛНИК: Се слагаме. Јас те разбрав 136 плус 88
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не, не. Значи ова се само доспеани. Ова се додадени, вметнати и плус и оние обврски кои што ќе доспеваат во нареден период.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа се податоци точни и тоа е така.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: 136
ГРАДОНАЧАЛНИК: 136 кои што треба да доспеат во наредни 4 години.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ајде сега да се вратиме малце назад 2018 година Кварталниот извештај К2 дали знаете колку беше овој долг. 21 000 000. Состојба на 31.12. Немам податок колку е вкупниот долг со недоспеаните обврски, меѓутоа еве да ставиме некоја цифра од 20 % да е поголем. Не знам јас би ставил 20 х 3 не би одел. Добро. Ако ги направиме споредбите, споредбите се драматични. Ако го земиме делот на Квартален извештај за задолжување на Општината и јавните претпријатија и ги видиме и кредитите и таму што ги имате земано Општината, јавните претпријатија. Добро сега имате некои добри пласмани кои што се од Министерството за финансии кои што немаат камати, другите ви се сите со камати и ја споредете таа ситуација која што изнесува негде 215 000 000, вкупно кредити за сите јавни претпријатија, Општина се 215 000 000 плус 64 000 000 кои што планирате да се задолжите оваа година во делот на изградбата на Градскиот пазар кој што не е повлечена транша. Се слагам. Меѓутоа и тоа ќе влезе во долгот во оваа година. Така. Е така. Ако земете тоа и го споредите со 2018 година состојба на 31.12.2018 година, тогаш сте ја наследиле Општината со 67 000 000 денари. Значи едната и другата цифра и сето кога ќе го ставите бруто, мислам целокупниот долг врз основа на кредити, на недоспеани, на доспеани обврски, кога ќе го соберите заедно во 2018 на 31..12 изнесува 88 000 000 денари, сега изнесува 304 000 000 денари со тенденција на негово зголемување врз основа

на овој кредит. Значи ние не измислуваме, ние врз основа на кварталните извештаи врз основа на податоци од страна на сектор финансии ги коментираме и ги критикуваме овие работи.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Уште малку вака да те задржам. Дали 2018 година знаеш колку беше основниот буџет на Општина Кавадарци.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колку беше
ГРАДОНАЧАЛНИК: Епа сега оти ми кажуваш за оперативен долг и буџет, а не ми кажуваш колку беше основниот буџет.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Беше двојно понизок.
ГРАДОНАЧАЛНИК: А двојно понизок.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: А колку е зголемувањето Х 4 така. Колку е зголемено вкупното задолжување.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве да ти кажам бројки. 160 000 000 денари беше основниот буџет на Општина Кавадарци. 2021 го завршуваме со 410 000 000 денари.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи за дупло зголемено така.
ГРАДОНАЧАЛНИК: За 2,5 пати е зголемено.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: А колку е зголемено задолжувањето
ГРАДОНАЧАЛНИК: Задолжувањето што ми кажуваш
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: 6 пати.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Како 6 пати
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: 300 со 80
ГРАДОНАЧАЛНИК: Воа математика е, не е
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ајде 5 пати, колку
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ако имаме 410 000 000 годишен буџет, а сега нема да те негирам кажа Оперативен иден буџет, идно задолжување ќе биде 300 000 000.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не идно задолжување ќе биде во делот на повлечената транша што треба да ни стигне оваа година.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа испаѓа 300 000 000 така.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: 350 со тоа.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи тоа не е ниту 1 во основниот буџет годишен, а државата ти дава да се задолжиш 3 буџети процентуално плус 30%.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ај вака да сумираме
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ние имаме можност да се задолжиме плус 800 000 000. Вака многу битно е како сме се задолжиле и кај отидиле парите. Капиталниот објект пазарот ни ти ќе го земиш, нити јас . 2 000 000 евра, тоа е капитален објект 40 години што чекат Кавадарчани. Тиа капитален објект ќе биде за наредните 50 години. Да изграден е во 2021-ва и втора ќе се догради 110 000 000 или 120 колку кошта, го ставаш сега како товар на Општината, ама амортизацијата за тој објект е 40 години. Сите улици пристапни се

асфалтирани, булевари и пробиени нови улици, кои што ги чекавме 30 години. Да тоа што не се работело минативе 15 години го сработивме во 4 и пак сме незадолжени, повеќе од 70% од еден оперативен буџет. Знаеш каде е проблемот. Проблемот е во друго. Што ние како Општина стоиме најдобро во делот на основниот буџет 400 000 000 и основните трошкови ни се 90 000 000. Тука да го видиш убаво кварталот и да го прочиташ. Тоа е само 25 проценти нас од основниот буџет ни оде за основни трошкови. Во другите општини тоа е 60%. Значи 75% од буџетот ни оде за капитална развојна програма, социјала и друго што е ингеренција на Општината. Тоа е нашиот благодет што успеавме да направиме буџет од 400 000 000 реален, остварлив и тоа е нашиот благодет што ЈП Комуналец не користе ништо од трето лице, претходно да, не беше толку задолжено, меѓутоа користеа многу опрема од трето лице. Еден булдужер кој што го купивме на ЈП е 10 000 000 денара. Ни помалку, ни повеќе. Немаме услуга од трето лице.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Може да сумираме. Е вака . Значи кажате дека моментално вкупниот долг на Општината колку е еден оперативен буџет на општината. Добро 70%. Претходно колку бил. Пред тоа.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не ме интересира за претходно, ако некој не работел нешто колкав бил буџетот и колку примал пари и што направил. Граѓаните се тие што ќе кажат што е направено. Значи буквално ако една фирма не праве приход, или една општина не праве приход, нема да праве ни расход. Ние сме должни парите да ги вратиме на граѓаните, што побрзо назад, комуналната изградба да му ја направиме на ниво како што треба да биде и ние ги надминавме проблемите од немам сијалица, немам тротоар, немам одбележано, немам улица асфалтирана, немам тампонирано, немам ништо. Па прошетајте се па малку. Отидите во Задругар, отидите во Слога, отидите во Глишиќ, отидите во Марена, отидите Сопот. Видите ја комуналната изградба каква е.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака значи оваа општина нема да прекине да функционира после завршетокот на вашиот мандат. Значи треба да ја оставите Општината во добра финансиска кондиција и во наредниот период. Вие можете да се изнаграбате кредити, да изнаправете што сметате да изнаправете, меѓутоа..
ГРАДОНАЧАЛНИК: Прво Градоначалник не се изнаграбува кредити, Градоначалникот не може да земе кредит без ваша согласност и ниеден кредит во Општина Кавадарци не е земен без едногласна одлука на Совет. Едногласна одлука, стратешка оценка. Ај те молам немој сега.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас сакам да кажам дека кога веќе зборуваме за работи кои што се реализираат, можете да земете уште еден куп кредити, уште колку викате таму дека бил потенцијалот на Општината за задолжување, меѓутоа треба да мислиме што после тоа. Можеме се да

изнаправиме сега.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред советниче. Почитувани првата точка од дневниот ред. Повели Кузмановски.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, почитувани граѓани, почитувани Претседател на Совет, Градоначалник сакам мало обраќање во однос на четвртиот квартал или последните 3 месеци од завршетокот на претходната година. Мое гледиште на работите е дека буџетот е добро реализиран. Во делот на реализација гледаме дека од 988 359 000 денари значи околу 82% е реализиран приходот. Тоа е добра бројка каде што гледаме дека максимално значи буџетот во кој дел можел без оптеретување на граѓаните го остварил својот приход. Таму сакам да наведам бидејќи претходно имаше дискусија дека 100% бил од дотации, од тие работи . Се разбира тие дотации таму не треба да дискутираме тоа се плати за вработените, тоа е законска обврска и доколку буџетот на државата не пуште таму плати значи нема да земат просветните работници или тие, тоа е мислам нема смисла, затоа, за тој дел да се дискутира. Во делот на расходи значи сакам да кажам дека таму реализацијата исто на расходите е околу 82% или 981 000 000 денари или 596 000 000 или 15000 000 евра . Во тој дел исто во расходниот дел може да видиме некои непотребни ставки, се намалиле трошоците и не е точно дека да гледаме дека 100% треба, дека ако некои ставки немале потреба ситен инвертар, не се реализирале 100%. Но голем осврт сакам да кажам бидејќи капиталните расходи се реализирани 70% или тоа беше некаде околу 300 000 000 денари или 5 000 000 евра. Значи тоа е резултат на ги гледаме граѓаните пробиени булевари, пробиени улици, значи нови патишта, реконструкции и тој дел јас мислам дека како Општина сме едни од најдобрите, треба да направиме анализа. Знаеме дека Буџетот на Република Македонија во делот на капитални расходи, не го реализираат ни 25, ни 30%, а една општина го реализира на ниво од 70% и затоа не треба да навлеваме во тие дискусии. Значи знаеме дека градот се движе во права насока, реализирани се капиталните инвестиции во најголем дел што се планирани и мислам во тој дел треба да имаме само пофални зборови. Значи во делот каде што го спомнавме за обврските, значи јас мислам не постое како сметководители знаеме, не постое претпријатие што нема обврски, кога книжиме за крај на година, кога книжиме обврски и за плати и за тие обврски стојат иако се исплаќат после во наредниот месец во 5-ти. 88 000 000 доспеани обврски, знаете дека постое Закон за финансиска дисциплина, обврски согласно Закон за финансиска дисциплина, се тендерират и во Закон за јавни набавки. Знаеме дека обврски се тие што ни дозволува Законот за финансиска дисциплина односно се движиме во тие рамки, доколку Законот овие обврски ги предвидил на 60 дена тие се реалните расходи. Не може да исплатиме нешто не реализирано, некоја обврска недостасана, таму правиме и прекршок,

а не само да кажуваме дека имаме обврски на тој дел. Значи во делот на обврските сакам уште да кажам дека тие се на ниво од целиот буџет, на ниво од 7,3% тековните обврски значи и на ниво на буџетот на оперативниот буџет на буџетските приходи од самата Општина од 507 319 на ниво од 17,4%. Мое мислење тоа е многу мала бројка, значи Општината се движе во права насока и мислам дека и сега скоро имаше избори и си кажаа граѓаните дали буџетот се троше транспарентно, дали буџетски се реализира максимум и дали Општината се движе во права насока.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе ако може да го замолам Вуко уште еднаш да ми даде информација дали темата за тие три прашања клучни кои што ги имам, кои што ги засегат граѓаните на Општина Кавадарци за базенот, за патот Мрежичко -Мајден и за Неготино регионалниот пат.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Еве јас ќе си земам за обврска да се информирам и ќе ви доставам писмено до каде е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не ве засега тоа како советници да не го знаете. Мислам воа вака најобјективно за сите кој може да ни даде информација пошто граѓаните го барат од нас тоа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мислам тука се пратениците. Не е пратеникот Панчо, меѓтоа мислам дека тој повеќе е засегнат, јас сум советник кој што претежно ми е оваа работа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа ни беше програма, изборна и ваша и наша, изборна програма и сакам да ја исполниме, да видиме до каде е таа ситуација.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Се имате ли обратено за информација.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ни немат одговорено.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Штета претходно имавте добра комуникација.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да имавше, многу промени брзи се прават сега.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Нема сега комуникација.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Нема нешто.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сакав да реплицирам во однос на колегата Горан, значи пак ќе повториме и тука се немаме разбрано. Ова е конто 220. На конто 220 се книжат сите обврски, само тука се праве поделба. Во Кварталниот извештај К2 кадешто 88 000 000 влегуваат доспеаните обврски, тие што се со поминат рок на плаќање, а тука се внесени вкупните обврски, значи 136 000 000.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ама го усогласивме тоа што.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Он не го усогласи.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитуван Претседавач на Советот, почитуван Градоначалник, почитувани пратеници. Во врска со Кварталниот Извештај сакам да кажам неколку збора. Ако приходите се реализирани 82,56%, а расходите се реализирани 82% тоа е ок, тоа е добро. Не може да биде различни

ставки. Значи зошто расходите се реализирани само 82%. Затоа што приходите се реализирани 82,56%. Тоа е добро. И би обрнал внимание на расходите, има тука моите видувања се во делот на тоа што високите износи на реализација кои ставки ги чинат пр. За плати и надоместоци реализацијата од 425 574 000 98,83%, крева износ, реализирани расходи за комунални услуги од 36 792 000 82%, трошкови за реализирање на оперативни расходи за Советот на Општината 11 957 000 85%, тука некаде е, околу вкупните изградба на комерцијални објекти од 67 978 309 реализирани 97,90%, општинска администрација 72 348 000 96%, значи тие се задолжителни и мора тие да се реализират. Арно ама по програми, програма Г1 подршка на економскиот развој. Ако сме имале предвидени 1 750 000 денари реаизирано само 35,37%, капитални расходи од 298 864 000 реализирани 69%% под просекот. Значи помалите ставки што и тие се клучни се многу мал процент реализирани, изградба и реконструкција на локални патишта од 2 148 000 реализирани 642 000 или 29,83%, изграден систем за прочистување на отпадни води капитални расходи 13 889 000 предвидени, реализирани 5 170 000 или 37,23%. Значи ако процентот на приходите бил поголем и овие мали ставки ќе биле повеќе реализирани. Одено е минатата година за реализирање на основните расходи за плати, за обврските према јавните установи што се и таму процентот на реализацијата е голем, а за останатиот дел е помал и има ставки што се дури под 50% реализација. Јас тоа го дискутирав и минатиот Совет кога го усвојувавме буџетот. Јас секогаш сум се залагал за рамномерна распределба на средствата од буџетот и така ќе бидам и сега и минатиот пат како да, не знам дали ме разбравте во дискусијата гласав условно со за со цел на првиот Совет каде што ќе имаме ребаланс на буџетот поправично да се распределат средствата. Во дневниот ред на овој состанок, го имаме тоа и на комисии се планират изградба на игралишта, ок ќе гласам за таа точка, нас ни требат и игралишта, детски игралишта и игралишта за возрасни. Сето тоа е во реду и ќе гласам за тие точки, меѓутоа сепак Општина Кавадарци како втора по територија во Република Македонија има и рурален дел, не е само овде централниот дел. Треба да се одвојат повеќе средства и за руралните средини, затоа што имаме многу млади кои што градат куќи во руралните подрачја и треба да им се овозможе и пристапен пат и вода за пиење и осветлување и ред други работи коишто му се неопходни за да можат дали на викенд, дали таму ќе отварат некои бизниси тие работи да си ги, тие потреби да си ги задоволат. Од причина што ова е за минатата година има бројки што ми отстапуваат. Не сум бил во составот на Советот кога се гласал буџетот за 2021 година, има работи што се добри, има работи што по мене можело да бидат и подобри затоа јас ќе гласам воздржано за овој Квартален извештај за 2021 година.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Правото и определба на гласање е индивидуално за секој советник, никој не може ниту да ви го ускрате, ниту да ви го наметне.

Граѓаните ќе ценат и оценуваат за дали сме во право ние, вие или дали учествувате во делот на изградбата на општината, тоа така општо зборам. Јас морам да потенцирам и да кажам неколку работи. Вие цело време заборавате дека во Кавадарци има пандемија исто како и Скопје, исто како и во Велес, ама јас не се вадам на пандемијата, не излегувам на говорница да речам пандемија е, енергетска криза, ваква криза, таква криза, не може да работиме, грип, мип и било што. Не е спомната пандемијата, која што интензивно ја работиме и интензивно се справуваме со неа, како втора фаза ја ставаме, сегде е прва фаза е ставена. Морам да потенцирам и да кажам дека од она што го зборувавте заради таа таа пандемија овие работи , само да ви ги впрочам работите Договорите за локални патишта кои што ги имаме за изградба, договорот е исполнет само 50%, компанијата секој договор што го зима има рок на важење година дена, од февруари, март првата прилика компанијата која што го има добиено тендерот ќе си продолжи со изградба на другите патишта, а тоа е Радња, Куманичево и Клиново, останатите 3 патишта за доградба, останатите во низинскиот дел се изгради Брушани, се изгради Шешково и ми се чини дека беше Ќесендре. Тоа е 50 % нереализиран долг. Морам да ви кажам дека 6 000 000 денара тендерот добиен, временските прилики не дозволија асфалтирање од Чемерско до Бохула комплетна реконструкција на патот и во селото и до селото. Исто добиен тендер, завршена програма за колекторскиот систем во Возарци, отпочнато, незавршено заради временските прилики, исто село Дреново 700 000 евра добиен проект преку ТАБ Програмата преку Владата, фирмата воведена во работа, треба да отпочне за реконструкција на патот од Дреново до регионалниот пат вклучувајќи со клучката Дреново 700 000 евра, исто така добиен проект од 650 000 евра од Југо Комерц комплетно нова линија до Брушани со 3 фази за приклучок на 750 куќи за водоснабдителен систем од Брушани, Брушанско и Заливот. Тоа се само проекти кои што не се завршени од ланската година, а се веќе воведени во работа. Во руралниот дел оваа година имаме предвидено комплетно проекти за секое село, кај што може да аплицираме, не ги ставивме во наш буџет, зошто ги ставивме ЛЕР, може да ги прочитате, затоа што знаеме искуствено и со службите и со ВПР (Вардарски Плански Регион) дека сега требе 22-ра година да се распишат програмите 322,321,323 при Агенцијата за рурално планирање и простор нас по дифол како Плански Вардарски Регион ни следуваат средства од таму и ние веќе имаме подготвено проект, не се тајна проектите, ставени се во развојната програма на ЛЕР, мислам ја имате програмата може да ја разгледате, тоа е патот до Дисан„ ставен е патот до Сопот, Рибарци, ставени се реконструкции, ставена е атмосферската канализација за Возарци, ставени се водоснабдителни системи за неколку други села, така да немам намера да трошам општински средства кога очекуваме програма да се распишат средства кои што по дифол припаѓат на Општина Кавадарци. Тоа е

затоа што ако нашиот буџет го оптеретиме со тоа, после тоа не може да аплицираме за тие средства кои што нас ни следуваат и сеуште не ни е искористена трета и четврта фаза од делот преку МПСИ, заемот на Владата од 70 000 000 преку Светска Банка, преку Министерството за транспорт и врски, грант за општините каде што ние добивме 1 250 000 евра, прва фаза беше Илинденска со Пионерска, втора фаза сега се работе Дисанска улица и Ќиро Крстев мислам дека беше доле, а во трета фаза треба да се завршат Димката Ангелов Габерот улицата со комплетна реконструкција на колекторскиот систем, Слога и мислам дека беше Максим Горки како улица која што е во лоша состојба. Тоа е 4-тата фаза која што ќе ја завршиме и тука сме напред од сите општини, 75% од општините немат отпочнатао прва фаза, ние сме веќе во последната фаза на завршувањето и очекувам како добра општина, транспарентна, објективна и навремено завршени работи треба да добиеме плус 30% грант на истите средства како што е пракса од Светска Банка.

ПРЕТСЕДАТЕЛНА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели од место реплика.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас кога кажав значи гласам воздржано, не мислев дека сум критички расположен кон некои успеси што ги постигнала Општината. Има успеси, тие се видни резултатите што се постигнати, меѓутоа секогаш ќе бидам за секогаш утре да биде подобро. Секое утре да биде подобро одколку вчера што било и ние ќе бидеме коректори на вашето работење Градоначалниче и не смеете да ни се лутите, ако поинаку мислиме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не советниче може грешка си ме разбрал. Јас не се лутам на никој таман работа. Напротив 24 саати сум достапен за вас. Второ дај боже да бидете коректори, позитивни коректори и вакви дискусии да се отвараат и да се разговара. Тоа ми е мене благодет во цела ситуација, пошто мое лично мислење е воа доаѓа на мое конто,знам просто да се искажам и јас што сум направил, пошто многу па не сакам да се фалам, кога ме фалите ви од друга страна и кога ќе кажите вие е многу поубаво.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Успехот на нашата Општина е успех и на Градоначалникот и на сите советници. Јас секогаш ќе бидам против кога се зборува од една или другата поголема советничка група, кога споредуваме некои работи со централната власт. Централната власт мора да помага на нашата Општина и ние мораме да најдиме начин централната власт да ни помага и оти сега се едни на власт, утре може ќе бидат други на власт и нас нема што да се фалиме нашите се или не се нашите, сите се наши, чим сме ги изгласале наши се.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Уште ова две реченици и ја затварам точката. Значи најдобра придобивка на сегашниот Совет и голем дел од одлуките што донесија и проекти во претходниот Совет затоа што до сега последните 4 години Градоначалникот кога е, буџетот на крајот едногласно

го гласат сите советници. Тоа е знак дека секој што е тука знае да го препознае моментот во каков правец се движе Општината. Нашиот советник Вуко Мелов испадна со една негова анализа, таа анализа добро е што испадна сега, тоа е негов став, меѓутоа добро е што советникот пред еден месец гласаше за буџетот. Контрадикторноста зошто е сега така, па гласал претходно, тоа е негов втор момент, меѓутоа добро е што е тоа така, да се надеваме дека во идно време повторно ќе ја држе правилната страна. Ја ставам точката на гласање. Кој е за.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака збор сега. Не можиш да кажиш нешто, а да не ми дадиш збор
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде беше спонат само. Ајде кој е за гласање. Бидејќи се разводни точката прилично многу.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама не е коректно сега да ме спомнуваш.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде беше спомнат.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас гласав за буџетот, врз база на тие Амандмани двата заради тоа гласав. Заради тоа гласав. Јас не гласам Квартален Извештај. Треба да научиш да разликуваш Квартален Извештај и Буџет не е исто. Значи тука е реализацијата на буџетот, тука се долговите на Општината, тука се други работи, а буџетот е план за трошоци и приходи во наредниот период.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас верувам во тебе дека ќе ја оцениш правилната страна и повторно ќе гласаш за наредниот буџет догодина. Во ред. Ајде кој е за. 5 против 2 воздржани.
2.Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци;
Пауза 5 минути.
Почитувани ја продолжуваме 6 -тата седница на Советот на Општина Кавадарци. Изготвен е Амандман на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци и тоа во член 1 став 4 алинеја 3 после текстот професионален спорт, професионални акционерски друштва регистрирани на подрачијето на Општина Кавадарци во кои Општината има акционерски капитал се додава Комисијата за спорт ќе одобрува финансиски средства без бодирање согласно финансиските потреби од нивниот вкупен расход во соодност на максималниот процент на акции кои ги поседува Општина Кавадарци. Со тоа точката Предлог програма за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и

постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци. Отварам претрес. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Заедно со Амандманот. Добро разговараше на телефонот Ристе за тоа. Значи добро наредниот пат разаговарај пак. Кој е за. Од присутниот број на сите советници гласаа 15 за. Кој гласаше против. 1 воздржан. Двајца не гласаа.
3.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;
Отварам претрес по оваа точка. Повели советниче за оваа точка. Ристо Сакалиев.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседателе по оваа точка не сакав да зборам, али поради тоа што на претходната не ми даде збор.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Претходната точка е завршена. Одиме на 3-тата точка на дневен ред.Тоа е:
Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Значи ние сега пред една минута донесовме некој Правилник за измена и 30 секунди ја тераме Програмата. Треба првен да се носе критериум, па после да се носе програмата, кога за 30 секунди успеа да направиш бодирање и да делиш пари.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да се држиме само за точката.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: За точката ќе се држиме. Јас сум бил Претседател на Комисијата за спорт и спортот го практикувам и сакам. Избрза советничката група од Социјалистичката Партија и коалицијата, Градоначалникот веројатно презафатен подлегна на нивниот критериум. Градоначалникот не е компонента за гласање, ама згреши или пак не можиш брате, знам дека не можиш си ставен во подредена улога.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да се држиме до точката на дневен ред.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ Знаев дека ќе ги згрешите критериумите. Ви се понудив да ви помогнам и уште не е касно да ги уредиме. Ние треба во овие критериуми каде што се ставало бројка паушално, се криевте од СДС и од останатите. Направивте грешка. Бодирање кога се прави.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Пратеничката група на СДС го прифати нашиот Амандман . Значи не ја укривувај пратемничката група на СДС.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Амандманот го прифати, ама она претходното не го прифати.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Го прифати, гласаше и за Правилникот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Добро нека се сите за, само јас против.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро не ја злоупотребувај СДС.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Кога се прави бодирање.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас секогаш правата страна
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: По критериумите кога ги ставате треба да имате по некои основи бодирање од 0-10 и од 0-20. Вие ставивте фиксни бројки. Влеговте во загуба и сега на самата седница носиме критериуми на завршена работа.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Сметам дека излагањето е надвор од точката на дневен ред.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не ми е надвор од дневниот ред.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас планирам да ти го земам зборот и точката ја ставам на гласање.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник нема да се обраќам до советниците, лично до тебе. Избрзана е оваа работа. Има време да се исправи работата и камерите исклучи ги да не те слушат ако сакаш нема да биде штета. Јас сакам Градоначалникот, ова директно према него, не према советниците.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Седницата е од јавен карактер нема исклучување камера, камери надвор од тука. Не за смеа. Ова е од јавен интерес и треба сите да знаат што праваме тука.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Администарацијата и Градоначалникот треба да видат дали ова што го носи Советот е уставно, дали е законски да проверат, да не згрешат. Ја најмалку сакам да се згреши. Јас по точка на Програмата, делењето на парите на Комисијата немам замерка, е ок. Сакав да дадам една забелешка да предложам, не мора ова година да биде од наредна година, овие клубови што ќе добиваат како што правиме со данок на имот, ако не платил сала му даваш пола од парите, да не му ги дадиш другите пари оти не ја платил салата Јасмин, салата Јасмин е спортски објект за сите клубови. Значи тоа како забелешка сакам да го ставам во ова точка сега што со Градоначалникот дискутирам, советниците и Претседателот се надвор од дискусија. Градоначалник ако го направиш тоа е добро за тебе и за сала Јасмин, како што правиме овде со данок платил, не платил, префрлање, непрефрлање и тоа е еден критериум, дали е законски или не законски незнам, али треба да ги принудиме да плаќаат за ова. Мене во очи ми падна, кога гледав во Програмата спорт и може ненамерно, ама се погоди убаво и за наредна година Комисијата да гледа да не направи пак нешто такво, видов во сумите на пари, што за мене се прифатливи, ама овие клубови што имаат Фени, вашата фирма Кожувчанка, не знам дали знаеш и Метал Апостолов и тие клубови што имаат спонзори се на врвот во зимањето на пари. Дали

Социјалистичката партија и коалицција се додворуваат на фирмите или сакат да им помогнат малце.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Да се држиме малце до дневниот ред . Мислам дека избегнуваш. Ама со Градоначалникот ќе разговараш . Сметам дека излагањето има погрешен правец.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Да не брзаме.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ: Јас сметам дека твоите забелешки Комисијата за спорт ќе ги разгледа здравје боже догодина кога ќе се носат новите измени апсолутно ќе го земиме во предвид.
Јас нема да дозволам достоинството и дигнитетот на Советот на Општина Кавадарци да дојде под знак прашалник. Значи ипак доликува на општина.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Значи само да кажам . Не мислам дека ти си дал насока, ама случајно така се погоди дали си ти. Илјада посто гарантирам имаш насоки или дали се имаш случајноиспуштено.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Вака сега значи да одговорам на прашањето, пошто сум повикан. По однос на бодирањето и по однос на распределбата на финансиските средства, кои што претходно се буџет на Општина Кавадарци за 2022 година и по однос на она како правилници кој што ги носе Советот. ние како Општина комплетно како администрација и Градоначалник ќе ги почитуваме одлуките на Советот, нормално доколку увидиме дека некоја одлука не е според законот ќе се обратиме писмено до Претседател на Совет, до советници ќе укажеме на некојаси грешка доколку има. Меѓутоа во делот на одлуките си има комисии за спорт, има Совет така да тука е транспарентно. Во делот она што бевте повикани компани дали се Фени, Кожувчанка, Метал Апостолов. Кожувчанка нема ниту еден сопствен клуб, напротив името Кожувчанка го користи само еден клуб тоа Џудо Клубот Кожувчанка со наше одобрение, му го дадовме како име да го користат пошто ние сме спонзори и го користат само името. Сопственици на клубот се други структури или спортисти кои што поседуваат во делот. Ако така размислувате така и на Фудбалскиот Клуб Тиквеш веројатно е сопственик ВВ Тиквеш. Не Сопственик е *55%* Општината и други акционери. Така да името на клубот не е ништо во однос со сопственииштвото во структурата. СОВЕТНИЧКА РАТКА РОСОМАНСКА: Почитувани граѓани, почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Советот, почитувани колеги советници, почитувани медиуми и останати присутни. Јас ќе зборувам во врска со спортот, односно имам една сугестија, еден предлог во однос на училишниот спорт, каде имаме Општински Сојуз, Училишен спорт и Училишни спортски клубови како и соработник за спорт во Локалната Самоуправа. Имено за што се работи. Во текот на учебната година се организираат општински спортски натпревари, од повеќе спортови, победниците ја претставуваат општината на регионален и на државен натпревар и речиси никогаш од страна на

училиштето и Општината не се наградени, а средства за тоа има. Затоа како предлог во организација на овие општински натпревари предлагам Општината да земе учество со скромни подароци и организацијата да се организаира на учениците од страна на училиштето, да учествуваат и самите ученици како навивачи со мажуретки и такви работи итн. со цел да се развие спортскиот дух на учениците, едукацијата за примерно навивање на спортските натпревари и учениците да може да имат поголемо задоволство при самото спортување, односно за што се работи. Се работи за овие училишни спортски активности да се кренат на едно повисоко ниво, за децата да имаат поголем спортски дух, да имаат навика да учествуваат во спортските натпревари и со мали награди кои што можат да бидат дали тоа ќе биде некоја топка, дали ќе биде некоја пофалница од Општината, многу ќе им значи на самите ученици и ќе земат поголем замав за разлика од сега, затоа што кај нас често пати во училиштата се случуваат да добијат награди и застануваaат дотука. И ова е само како предлог до Општината и ние као Совет да донесиме некоја одлука, Општинскиот Совет за училишен спорт при организација да го земе во предвид за сето тоа да го подиге на повисоко ниво.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: На претходната седница ми се чине расправаме и го изгласаме Правилникот врз основа на кој се прави распределба на средства. Јас имав одредени забелешки и затоа гласав воздржано во однос на тој Правилник и: моите забелешки на крај ги утврдивме на комисијата бидејќи мојот предлог беше да се оделат од одредени финансиски средства врз основа на Правилник одреден процент да се наменат директно на спортските клубови коишто сопственик е Општина Кавадарци. Кога дојдовме на Комисија, кога почнавме да бодираме се соочивме со таков проблем и затоа направивме промена на Правилникот со цел да го ускладиме тоа. Јас мислам дека бодирањето на крај, мислам работеше комисијата за спорт, мислам дека бодирањето на крај го направивме да биде реално. Сите заедно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на дневен ред заедно со предлогот доставен од советничката Ратка Росомански. Кој е за со се заклучок.

Едногласно усвоен.

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Точката е едногласно усвоена.

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година.

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не

бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам претрес. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

7. Предлог-Одлука за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци;

Дали некој бара збор за ова.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани граѓани, почитувани советници. Ние како советничка група ќе гласаме за за оваа точка и ќе дадеме подршка за оваа предлог одлука, затоа што и во нашата изборна програма беа ставени детските игралишта и тоа со посебен акцент затоа што сметаме дека инвестирањето во простор за рекреација спортска на младите е од есенцијално значење, како за нив како индивидуалци, така и за сите нас како граѓани на Општина Кавадарци. Затоа уште еднаш истакнувам дека ќе дадеме подршка за оваа точка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас би сакал малку и граѓаните да се запознаат повеќе со детските игралишта. Еве благодарност и до советничката група на СДСМ, коалицијата, Левица и на советниците на ВМРО со коалицијата. Успеавме во овие некои години да изградиме повеќе детски наменски игралишта кои се покажаа многу мултифункционално добри и во делот на нивната искористеност, меѓутоа и заштита на самите дечиња, кои што спортуваат и рекреираат надвор од нивните обврски и во делот на образованието. Општина Кавадарци заедно со службите изготви брошура која што ја имаме во делот на детските игралишта, во брошурата се наведени сите детски игралишта кои што ќе бидат изградени 19 по број. Би ги спомнал како такви за да имат информации граѓаните едно детско игралиште во Градски парк, второто ќе биде адреналинскиот парк, детско игралиште Опитно Поле, тоа е веднаш кај новата населба што се градат зградите, населба Вељко Влаховиќ, Никола Минчев, Бул. Моше Пијаде кај зградите Лепотици, населба Кочо Рацин, изградба кај зградите Белка, населба Крсте Мисирков, кај Завод за вработување, Страшо Пинџур, населба Игман, населба Калница, Ваташа, Моклиште, Бегниште, Сопот, Возарци, Никола Минчев бул. кај Едвард Кардељ и тука се влезени и двата парка коишто треба да ги изградиме за домашни миленичиња, односно за кучиња, коишто се домашни миленичиња и луѓето сакаат да ги рекреираат во делот на забавни паркови со нив. Мислам дека со оваа изградба која што е 3-дишна програма и со оваа сума од 28 000 000 денара дека Општина Кавадарци ќе биде во целост опфатена со детски игралишта од најсовремен и модерен тип и безбедост во граница на

своите деца и сепак ова се работе за најмалите. Тука би сакал да им посакам да имаат убаво и добро детство, развој нормален. Општината ќе се потруде во најбрз можен рок да ги изграде, без разлика што е 3-годишна програма, да можиме тригодишно да ја исплаќаме како програма и да ги завршиме уште првата година.

СОВЕТНИЧКА РУЖИЦА РИСТОВ: Јас само да го пофалам проектот, предлогот за уредување и опремување на детски игралишта независно од која партија сме децата ни се најбитно нешто, нивниот правилен раст и развој, со тоа би се одвоиле повеќе од компјутерите и би се развивале во нормални личности за кои и спортот е голем дел од нивниот живот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Едногласно усвоена.

9. Предлог-Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација сојавноста" во 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Мое мислење во врска со оваа програма што ни е доставена на денешниот дневен ред е тоа дека навистина ни треба за да имаме транспарентна и успешна Општина и транспарентно и успешно работење треба да имаме добра комуникација со јавноста и тоа во две насоки да биде таа комуникација. Значи граѓаните да бидат запознати со работењето во Општината, со тоа што се случува, што е постигнато, но и да добијат податоци и информации од страна на граѓаните да се добијат информации кои се нивните потреби, приоритети итн. Самата програма е составена од 7 проекти и за секој проект си има посебен дел во кој се опишани активности, цели, насоки и очекувани резултати и финансискиот дел, значи колку пари се потребни за секој проект посебно. Токму сакам да ја запознаам јавноста по колку средства се планирани според оваа програма за секој проект посебен. Значи за огласување јавен повик, соопштенија според оваа програма планирани се 600 000 денари, за издавањето на општинското јавно гласило Кавадаречки информатор планирани се 425 000 денари, за плакати, списанија, сувенири и друг вид на обележје планирани се 100 000 денари, за летоци и брошури планирани се 90 000 денари, за туристичка брошура исто 90 000 денари, за туристички карти 90 000 денари и за пригодна хартија и за картонска амбалажа 30 000 денари или вкупните средства што се потребни за да се оствари ова програма планирани се вкупно 1 425 000 денари . Износот не е мал, значи кога би ги собрале сите овие проекти износот е малку што треба да се подобро да се анализира и да се виде дали ние овие цели со оваа програма можеме да ги постигнеме и со понизок износ на средства, значи порационално трошење на средствата односно парите на граѓаните.

Некои активности се поклопуваат и во некои проекти, значи да се направи малку подобра анализа во кој дел може да направиме заштеда на средства, а да не се намали квалитетот на оваа програма, односно граѓаните да бидат добро информирани за она што се случува и да се добијат потребните информации од страна на граѓаните за да може Општината да работи во правец на задоволување на потребите на граѓаните.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Во врска со оваа точка сакам само да надополнам Општина Кавадарци е една од најтранспарентните општини кои што во Република Македонија се наоѓаме на првите, прво или второ или трето место во однос на транспарентноста. Сметам дека оваа програма за активностите е многу поволна и ќе ни оди во прилог на нашата Општина.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна колешке дека Општина Кавадарци била една од, прво место така по транспарентност општина. Од кое истражување ви е тоа.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Минатиот Совет имавме истражување, имавме трибина каде што присуствуваа и вашите советници и од анализите направени на републичко ниво меѓу најтранспарентните е Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од кое истражување го црпите тој

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Не го памтам од кое истражување.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро. Еве јас имам конкретно истражување.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Од кого е и од која година ако можиш да ми кажиш.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: ЦА 2019 година ќе ви го пратам на мејл целото истражување. Општина Кавадарци е на 9-то место.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Е па ова беше од 2020.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака. Значи јас сум зборел за транспарентноста, сум ја истражувал транспарентноста и отчетноста на Општина Кавадарци и првиот момент за да имаме тsранспарентна општина е да Општината јавно ги објавува што е можно поголем број на информации. Вие на Опчтината, на страната на Општината нема да ги најдете последните два квартали, коишто едниот беше изгласан денеска и претходниот квартал нема да ги најдите на Општината К1, К2 и К3 кварталните извештаи ги нема воопшто, програмите се ставени две до три, предлог програми, неизгласани програми, јавните набавки ги нема никаде.Ако сум грешка, меѓутоа јас проверував и сабајлето и не можев да ги најдам Градоначалник. Али овие работи се проверени.Не, не на страната на Општината зборувам. Не за Биро за Јавни Набавки, за

страната на Општина Кавадарци. Ги имаше 2018 година. Почнаа да ви прават одредени истражувања, каде што одредени компании се јавуваа и како донатори и како најголеми добивачи на тендер и ги тргнате јавните набавки. Добро. Ако сум грешка. Ок. Тоа е во дел на транспарентност. Сметам дека Општина Кавадарци треба јавно и транспарентно да објавува најголем дел од информациите, па дури и одлуките на совет, ДУП, значи општинската страна мора да биде со што е можно повеќе информации со цел граѓаните да можат да се информираат поефикасно .Добро значи не сум ги нашол. Како јас гледам на оваа програма првиот дел да почне Општината да објавува што е можно повеќе информации, па дури и одлуките што ги носе на совет на страна на Општина Кавадарци, да тоа биде попрегледно, подостапно за граѓаните. Тука се наведени одредени суми и како јас ова го сфаќам. Со овоа граѓаните ќе треба да платат на некој начин пропагандата ваша Градоначалниче, значи имате предвидено дело што оди за весници, имате дел предвидено кој што оди за летоци и слично. Јас не се согласувам да од наш џеб биде финансирана оваа програма, а мислам дека ако сакаме да работиме Општина Кавадарци која што е точно 2018 ви е годината кога што беше *3-та* општина, мислам по транспарентност, у наредните години бележи пад. Ја ова истражување кое што го најдов сме на 9-то место. Сега воа е доста респектабилна и НВО која што прави вакви истражувања. Не ова е ЦА НВО.Добро и они правеле истражување.Значи можеме да работиме во поголем обем да се достапни податоците и на самата веб страна.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во поглед на летоците и во делот на службеното гласило. Јас мислам дека обврска ние и како Општина и тоа сега уназад 15 години континуирано секој месец во Општината имало службено гласило кое што во печатена форма го издава еднаш месечно во делот на комунална изградба, во делот на здраствена заштита, социјал, спорт, култура и во сите надлежности што ги има Општината. Доколку мислите да не го издаваме во писмена форма, во ред нема да го издаваме, воопшто не станува збор за пропаганда, второ тие летоци коиги има и другите работи, тоа станува збор и во делот на одредување на повеќе манифестации и известување до јавноста. Често пати правиме летоци и известуваме одредени жители во некоја урбана заедница дали е за паркирање, за измени пошто, а и не знам за колкава сума станува збор, во делот на целокупниот трошок. Ленче колку. 425 000. Ама тоа е цела програма. Колку оде за службено гласило на Општина Кавадарци. 425 000 поделено на месеци. Значи 30 000 денара даваме за службено гласило месечно отприлика така ќе дојде отприлика 30,35 000. Доколку мислите дека треба да нема Општината

службено гласило, во ред ја би го прифанал како танки.Јас до сега медиум немам платено од Општина Кавадарци. Не. Јас тврдам одговорно дека во 4,5 години работење Општина Кавадарци нема платено медиумско рекламирање, еве тука се и медиумите нека потврдат. Тоа се јавните огласи коишто ги пуштаме во весниците. Не се медиуми, не е реклама, таман работа, урбанизации, јавни анкети, продажба на јавно земјиште и други огласи , вработувања, јавни набавки. Се што пуштаме во делот на печатени и електронски медиуми. Законска обврска. Апсолутно пак ќе повторам Општина Кавадарци 4,5 години досега за жал нема пуштено на медиумските куќи ниту еден денар во делот на рекламирање , пропаганда или информација надвор од законските пропишани обврски кои што мора законски да ги пуште.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Јас само да се надоврзам на Градоначалникот. Најверојатно советникот не бешеупатен во тој дел, значи Службениот Гласник е исто како весник на Собранието, значи таму сите одлуки, сите материјали мора да ги има во рок од 7 дена, се закачуваат , значи ги има таму и кварталните извештаи, извештаите, програмите, што вели колегата советник дека ги нема.Таму може слободно да отворе на овој линк каде што е ставено на тојдел на веб страната и ги има сите тие информации.Може слободно да провери.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Знам за Службениот Гласник. Точно е тоа, меѓутоа заложбата кога ви мерат транспарентност гледа дали ги објавувате на веб страната као посебни податоци, подобро подредени и дали ги објавувате во Службениот Гласник. Се зема бидејќи сум работел, сум ја работел оваа материја на оценување, транспарентност на општини, на институции . Сум работел на оваа проблематика и ви кажувам дека се зема као повисоко ниво на транспарентност ако бидат информациите подостапни за јавноста. Ако го ставите само во Службен Гласник се оценува како пониско ниво транспарентноста.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Ние од 58 -мо место стигнавме на трето. Јас знам дека сме на второ, а ако сме на 9-то и нашиот критериум не опаднал, него други општини не поминале, тогаш тоа за мене е предизвик да ги стигнам другите општини, а мислам дека може тоа е и причината во делот на тоа што некои па подобро е бодиран како општина од Општина Кавадарци. Али ќе почекаме официјално од ЗЕЛС и Министерството за локална самоуправа да испадне во делот на транспарентноста.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште во однос на исказот на советникот, кога спомна за лична самопромоција на Градоначалникот нешто да ви кажам почитувани советници оваа Општина и овој град не е на Митко Јанчев.одлуките Митко Јанчев не ги

носе затоа што он така сака, тие подлежат на Совет, така да бидеме во идно време малкце пвнимателни во исказите. Оваа Општина не е негова, ниту наша , туку на сите.
СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Сакам да кажам од прегеска почитуваниот колега мафта со тоа листот од таа невладина организација . Не знаеме што невладина организација е. ЦА добро.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Знам дека си скивен кон НВО.
СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Сум, сум.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Јас се согласувам со советникот Мелов заради тоа што и јас работев на истражување како своја лична карта за Општина Кавадарци . Отварав на страната на Општина Кавадарци има доволно информации, се согласувам, али мораме да ги земеме во обзир и ЈП-ја во сопственост на Општина Кавадрци кај што веб страните се ужасни, значи постојат слотовите, а не се прикачени документите. Мора да работиме на тоа, зарадитоа што транспарентноста на Општина та не подразбира само на општинската администрација и сите тела коишто се во оваа зграда, него и на јавните претпријатија, коишто работат нели за граѓаните на Општина Кавадарци и ако има некој сомнеж, дали за перење на пари, дали за нешто такво и јавните претпријатија треба да бидат истражувани и ставени под лупа во таа насока, а дека е малку јалова работата околу промоција ваша мора да се согласите и ви, сега реално медиумите се репер служба на Општина Кавадарци и на Митко Јанчев на веб страната. Тоа е , вие сте фактор . П ада, ама само тоа дека репер служба треба да се прави, јас не се согласувам. Дека е јалова работата, е јалова.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро јас се согласувам од утре на секоја промоција на објекти отварање и на контрола, еве доаѓате со мене сите, јас ќе стојам во втор ред.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалниче имаше избори пред 2 месеци. 15 000 гласа имаме и граѓаните ја дадија одлуката како да биде и што да биде.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Не знам, јас да не се појавувам во јавшипг, моето име да не се спомнува во ред, ама тоа многу добро Евреинот има една клетва Да си богат, здрав и непознат . Не бива, не одат трите работи, значи јас работам јавна функција. Се додека ја водам јавната функција, нормално за секој еден проект што стоел во Општината јас стоа позади тија проект и нормално вие како Совет и администрацијата, а во делот за забелешката за јавните претпријатија, нека влезе како Заклучок еве тука се правната служба, ИТ Секторот сите директори на јавни претпријатија со Заклучок да се известат или опоменат дека веб страниците му се во ужасна состојба и тоа е факт и така на јавните

претпријатија и да се подобрат во рок од 10 дена. Доколку немат ресурси Општина Кавадарци има тројца ИТ менаџери кои што можат да му помогнат, а јас знам дека имат и да дека ги хранат тие страници секојдневно да граѓаните ги пратат.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи постојано 15 000. 15 000. Што сакаш да ми кажиш со тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дека имаме избори и дека не можиш да ја сузбииш волјата на гласачите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ Мислиш ли дека ја сузбивам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Па ја сузбиваш. Па вас ве нервира тоа што Општината ја сваќате лична посвоина на Градоначалникот, а не е така. Па лично му се обрати на човекот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тоа е мој став.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката на дневен ред ја ставам заедно со Заклучокот. Кој е за.10. Кој е против. 5. 2 воздржани.

10.Предлог-Одлука за продажба на движни ствари моторни возила восопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

11.Предлог-Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

12.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВППбр)29/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата точка ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

13.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр137/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

14.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр138/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.

15.Предлог-Одлука за примање донација (улични канделабри) од Друштво за

производство, трговија и услуги „Кожувчанка„ ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

16 Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.

17. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.Едногласно.

18. Предлог-Решение за именување на членови на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин „ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на комисијата се донесе став да се именуваат лицата за Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти и тоа е: Кире Василев,Бошко Настов, Љупче Груевски, Марјан Илиев, Филип Филков.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен предлогот.

19. Предлог-Решение за именување на членови на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на комисијата за членови на Надзорен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти и тоа е: Станоја Јанкулов, Александар Грижев, Ванко Каров, Јасминка Тасевска и Орданче Трајковски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Го ставам на гласање предлогот. Кој е за. Едногласно усвоен.

20. Извештај за реализацијата на Програмата за изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка. Доколку нема никој за збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за .1 воздржан, 5 против и другите за.

21. Извештај за реализацијата на Програмата за Нова година „ Среќна Нова 2022-ра";

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани, присутни, почитувани граѓани, почитувани медиуми. Ќе се обратам по оваа точка затоа што

сум член на Комисијата за култура, каде што помина оваа точка и на самата комисија гласав воздржан од две причини. Првата причина е тоа што мојот предлог на 15 ноември кога се одржа оваа 2-ра седница на Општината што го имаше како точка на дневен ред Програмата за Нова година. Јас предложив средствата да бидат пренаменети за други цели. Од оваа сега истанца денес сметам дека мојот предлог бил оправдан, затоа што имаме и сведоци кои што можат да потврдат дека ситуацијата е таква што средствата се за тој сектор неопходни сега. Втората причина е тоа што добив одговор дека средствата потрошени за изнајмување на новогодишни украси за 4 недели заедно со средствата за изнајмување на куќарките со нивен превоз, монтажа, демонтажа изнесува 1 200 000. Бевме информирани на таа седница дека сумата е во тој износ, затоа што се планира набавка на веќе потошената опрема за украсување, односно на украсите, а на Комисија добив одговор дека всушност е за изнајмување како што стои во самиот финансиски извештај. Барам одговор од надлежните за ова, затоа што во прилог го имам и Записникот од втората седница каде што и самиот Градоначалник кажува дека Оваа година набавуваме пошто опремата ни е веќе застарена.
САЊА КРСТИЌ: Почитувани советници, Почитуван Претседателе би сакал накратко да му одговорам на советникот Павле. Судејќи по претходниот Извешај каде што спомнавте дека на самата седница, т.е. на втората седница каде што Градоначалникот кажува дека нашите новогодишни и светлечки реквизити се застарени и дека ние набавуваме опрема не е точно, бидејќи и самиот Градоначалник кажа дека ние ја изнајмуваме опремата и дека за тоа ќе се погрижи фирма што е во соработака со организаторите Иноватива Груп од Скопје, каде што таа истата ќе се погрижи да го осветли градот со светлечки реквизити во вредност од 800 000 денари. Не е точно дека ние сме одговореле дека ние набавуваме опрема и дека таа опема ќе ја користиме за наши цели. На самото излагање Градоначалникот Митко Јанчев исто така спомна дека нашите светлечки реквизити кои се веќе во застарена форма ќе бидат искористени во целост и дека тие нема да останат во депото каде што се сега складирани, значи во нашиот магацин, туку ќе бидат наместени во одредени локации, насекаде во градот каде што има потреба. Ние на самата таа седница пред да ја изгласате оваа програма, ви доставивме предлог програма и идеја како би изгледало нашето новогодишно украсување, каде што вие незнам дали гласавте против, воздржан или за, не сум сигурна, каде што на сите советници му претставивме како ќе изгледа сето тоа новогодишно осветлување. За второто прашање само да ви одговорам накратко. Тоа

се две фирми каде што ние изнајмуваме новогодишни украси и куќарки. Значи тие куќарки беа поставени на самиот плоштад и не знам што е тука спорно во цената, кога ние и во пертходниот финансиски извештај кажавме дека тие куќарки ќе бидат поставени и дека тие куќарки ќе бидат изнајмени. Значи не се во наша сопственост. За во иднина ни е предвидено во програмата за култура дека или во Програмата за ЛЕР дека ние тие куќарки ќе ги набавиме и дека ние потоа ќе можеме да ги изнајмуваме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели реплика советниче.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Реплика значи. Јас не реков ни за куќарките, ни за тоа што го кажавте. Јас само ќе ви цитирам дел од Записникот од 2 -та седница. На прашање од советникот Вуко Мелов Да не се разбереме грешка ние не сме да нема украсување на градот, меѓутоа сметаме дека секоја година се набавуваат одредени елементи за украсување на градот, да не се прави тоа секоја година туку да се заштеди. И сега Градоначалникот затоа што е тука ќе го цитирам и него Сакам да те корегирам значи 4 години немаме набавено, ова година ќе набавуваме пошто опремата ни е веќе застарена, дел од нашата опрема ќе ја ставиме, дел ќе дополнуваме. Е сега со тоа дел дополнуваме во Финансискиот Извештај нигде нема набавка на украси, туку е изнајмување и за двете ставки и за изнајмување новогодишни украси и за изнајмување на куќарките, ама не ни спомнал никој дека куќарките се спор. Тоа е. Изгледа не сме се разбрале.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро јас мислам дека тоа е така сигурно што го цитираш.

САЊА КРСТИЌ: Не само секунда Градоначалник вие може сте кажале грешка набавка, ама кажавте дека ќе бидат искористени старите несветлечки реквизити.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас многу добро знам што сум кажал и не ми кажувај што сум кажал. Тоа беше сега брзо пред и не ми треба помош. Извини сега.

Значи во делот на овие 4 години кажав дека има набавено опрема за украсување и трошевме средства за местење и вадење на самата Општина. Со четиригодишното амортизирање на опремата дојдовме до ситуација да негде 20-25 % е функционален од опремата, другиот дел од опремата не е функционален и затоа реков ќе дополниме со опрема, меѓутоа пак тие средства кои се фактурирани и кажувате не се потрошени само за тоа, тука влегува и монтажата и на нашата опрема и на изнајмената опрема и демонтажата на нашата опрема и на изнајмената. Изнајмената опрема си е вратена кај тој што ја изнајмил, а

нашата опрема е во наш склад каде сеуште си ја чуваме. За до година мислам дека ќе треба комплетно нова набавка. Тоа е мое мислење, пак ќе кажат стручните лица во делот на електриката што ја има кај нас дали може нешто да се санира, оти ако не може да се санира, така да знаете и сами  4 години користење на такви лед светилки, доаѓа до нивно уништукањае.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: После оваа дискусија со надлежните и со Градоначалникот тогаш заклучуваме дека во финансискиот извештај фали ставка Набавување на тие 20% од оштетената наша опрема.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Маневски значи ќе ти кажам вака дека од вкупната набавена опрема која што ја набавивме пред 4 години 20-25%  беше функционална, 80% не функционален,ја имаме како нефункционален, ќе  треба еден ден да горасходуваме и да го распишиме. Таа 25 % не ја набавивме, туку од нашиве 4 години што е набавена ги монтиравме во функција на украсувањето новогодишно, а дополнета е со изнајмено украсување. Значи нема набавка на нови украси.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Во ред ве разбрав меѓутоа кога бевте прашани и надлежните не само вие зошто е толкава сумата за украсување тогаш беше одговорот дека треба да се набави дел од опремата и сега истата сума се повторува во реализираниот финансиски извештај. Тоа е спорното, не друго.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ви го доставив записникот Градоначалник, тогаш ми одговоривте дека се набавува. Тоа е спорниот момент. Во оваа дека е изнајмување, дека е изнајмување на новогодишни украси, а тогаш добивме одговор дека Општина Кавадарци за овие финсиски средства ќе набави опрема за украсување. Тоа е едниот момент. Друга работа од страна на една работна група, од страна на директорот на ЈП Паркинг добивме информација дека од него е барано да ЈП Паркинг врши монтажа и демонтажа на украсувањето и колегата Круме беше тука и мислам ќе се сложе и он со таа информација која што ни беше дадена. Тука е монтажа и демонтажа на куќарки, украси, новогодишно украсување, фактурирано ,а тоа добивме информација дека е сработено од ЈП Паркинг. Го кажа и конкретниот пример, тогаш го посочи како конкретен пример затоа прашав.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не, не се ваде од контекст ситуацијата. Зошто. Затоа што Паркинзи само човекови ресурси ги користи во делот на бележењето на сигнализацијата. Паркинзи ниту има кадар, ниту механизација, ни дигалка, ни опрема, ниту кадар за да учествува во било каква санација, дополнување, вадење во делот на електриката.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник ваа информација од

директорот беше.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Нека ја пуште во писмена форма.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За тоа и го поставив како прашање. Градоначалник А во овој дел кај што ми го достави ова, кај што сум кажал, да ве корегирам значи 4 години немаме набавено и тоа е факт дека немаме набавено опрема за украсување. Ова година набавуваме, можеби играме со грешка зборови или пошто ни е опремата застарена, тука можеби е грешка во вокабуларот дополнуваме , а во вториот дел е дополнување ставено, значи да немаме набавка на улично украсување, имавме само дополнување со изнајмување на уличното украсување .

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Тоа е веќе друго ако е така. Затоа што ние го поставивме прашањето за записникот, а во Извештајот финансиски стои само изнајмување, а не е набавување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мое гледиште околу организацијата на целата манифестација за Среќна Нова 2022 година Кавадарци изгледаше како класична зимска бајка. Јас како Претседател на Совет имав барања од актуелни претседатели на Совети каде што буквално поради проблеми во функционирање на општините немаа можност да го направат плоштадот нивен убав за нивните граѓани, за најмалите , за највозрасните и да почуствуваат новогодишна атмосфера. Во однос на начинот на организација и на начинот како игледаше градот јас не знам еден од Кавадарци да не биде задоволен, така да во однос на начинот на реализација и во однос на начинот како се почувствувавме како граѓани на оваа Општина сметам дека делиме у цела држава во однос на тоа како беше нашиот центар украсен.

Точката ја ставам на гласање. За 11 против 6.

22. Извештај за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

23. Програма за работа на Општинскиот Совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес.Бидејќи никој нема, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена

24. Годишен Извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка .Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

25. Локален акционен план и програма на Комисијата за еднакви

можности за 2022 година;
Отварам претрес по оваа точка .Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

26. Предлог-Одлука за давање согласност наИнформација, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

27. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.

28. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

29. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на сообраќајни знаци и столбови на територијата на Општина Кавадарци и за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Дали некој бара збор .Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

30. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и: прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

31. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Точката ја ставам на збор. Дали некој бара збор. Не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

32. Одлука за продажба на расходовани основни средства од спроведениот попис за 2020 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не4 бара збор истата ја ставм на гласање.

33. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ

КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставм на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

34. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени во ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејчи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

*35*.. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка . Дали бара збор некој. Бидејќи не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

36.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни
Паркиралишта ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали бара некој збор. Бидејќи не бара тогаш ја ставам на гласање.Кој е за. 11 за и 6 против.

38. Предлог-Одлука за субввенционирање на ЈП за стопанисување со спирткки објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена точка.

39. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион -Тиквеш-Кавадарци;

Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. 11 за, 6 против.

40. Предлог-Одлука за субвенционирање на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Дали бара некој збор. Бидејќи никој на истата, ја ставам на гласање. Кој е за. 15 за, 1 воздржан и 1 против.

41. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

42.Предлог-Одлука за утврдување на даночна основа за пресметување на данок на промет на заедничките/посебни делови во стамбените згради;

Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор истата точка ја ставам на гласање.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ова е во интерес на жителите на Општина Кавадарци,

поради тоа што досега данокот на промет при купување на недвижни објекти односно станбени или деловни заедничките простори ги оданочувавме по м2 исто како станбениот простор. Изнајдовме законско решение да заедничкиот простор како скалила, холови и лифтови бидат со вредност од 20%, извинете од 30% од вредноста на станбениот простор. Мислам дека со тоа доста ќе му олесниме пошто доста предмети се јавуваат во делот на заеднички недвижни ствари, заеднички средства, така да олеснителна околност за граѓаните по однос на нивните финансиски трошкови при купопродажба на било каков објект.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака нас на Комисија ни беше поинаку кажано и објасната оваа точка. Нас ни беше кажано дека досега воопшто не влегувале тие делови во, односно тој дел и сега сите, конкретно и советничката од ВМРО Весна праша дали таа квадратура која што претходно не сме ја оданочувале при прометот на недвижности ќе влегува во даночната основа за данок на имот и ни беше дадена информација дека оние кои што имаат, нема да се направи промена во дел на простор на данок на имот на оние станари кои што веќе имаат одредено решение туку само оние кои што ќе купуваат нов стан. Тоа значи дека ако јас на пр. купам стан по ова законско решение ќе платам данок, претходно не плаќале данок на промет, исто така тоа ќе ми биде ставено во даночната основа, а на другите нема да му биде ставено, со што му е ставено една ситуација едни да плаќат, а други не плаќат, мислам да некои плаќаат помалце данок на имот. Така ни беше објаснато од страна на сектор финансии.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не е точно дека претходно не е рачунато, е рачунато според Методологија како што ви спомнав претходно се што влегува во имотен лист, кога правите купопродажба, дали е нов стан, дали е од втора употреба, како прво при купување на нов стан нема данок на промет, не постое законски, не се пресметува првата продажба на стан. При втора, трета продажба, значи на нов објект не се пресметува данок на промет воопшто на ништо. Значи ова станува збор за сите корисници кои што ги имаме до сега, али доколку има физичка делба во самиот колективен објект и стое квадратурата, заеднички простор и 5 квадрати да, нормално е на тие 5 квадрати да си плаќа и данок на имот, ако нема физичка делба ние како Општина сме приморани на таа физичка делба и ја прават самите сограѓани и корисници на заедничките простори за да може сразмерно да му биде ставено и во данокот за имот како решение, пошто ниеден имот не може да лебдее, мора да има сопственик и врз основа на тоа и данокот на имот се пресметува.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мојата забелешка беше пошто на Комисијата беше кажано нешто сосема друго, дека овие работи не влеват во даночна основа за пресметување на данок на имот кај оние кои што се сопстевници на стан, а сите наредни би му се ставал и тој простор и таа квадратура во даночната

основа за данок на имот, така ни беше објаснато на нас.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

**43.** Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВППбр)76/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.
Почитувани советници сега одиме на претпоследната точка тоа е.
Советнички прашања.
Јас мислам дека нашето Водостапоанство повеќе ќе работе, бидејќи парите се акумулират на централно ниво и се делат после на начин што стигаат назад. Во делот на гасификацијата на Општина Кавадарци има проект за инфраструктура и основен проект за изградба за подстаница и вкупно 1(65Жм. Гасификациона подземна мрежа, меѓутоа не можеме да почнеме со градењето, повеќе пати сум го кажал истото пошто тоа е осетлива материја и треба веднаш по градењето да се стави во функција. Никој не гарантира, ако се изграде после 7 месеци или 8 дека таа линија е исправна. Сепак се работе за гас. Владата имаше една одлука, ни стигна одлука на Влада уште пред 7 месеци дека има план да целокупната гасификација во сите општини во државата ја земе под централно ниво и ја даде под концесија на 20 години на компанија. Две компании биле заинтересирани колку што имам неофицијални информации, турска компанија и друга некоја, али дали тоа ќе помине како такво или не сепак треба да чекаме и да видиме, во тој случај ни се зимат надлежностите и ни се дава под концесија, алаи во случај доколку тоа повеќе заглаве отколку што треба имаш право може да се работе делумно и да одиме со наша подстаница и со оглед на ситуацијата во моментот мислам дека не би било паметно да почниме со таа инвестиција баш сега во овој момент кога гасот е неколку пати покачен али гледајќи ја еколошката точка никогаш не е у одмет да се сработе тоа бидејќи станува збор за голем еколошки проект. Што други прашања имаше извини, тоа сум запишувал. А од Ферчо, до Уни Банка, за Илинденска тоа ти беше меѓу првите прашања. Добив порака во меѓувреме, ова е убава работа што не гледат на онлајн и од Градба Промет е пораката, кој што е изведувач. Тоа е проект преку МПСИ преку Светска Банка, носител е Гранит, Градба Промет беше подизведувач. Од утре почнуваат поправка на тротоарот. Значи поправката на тротоарот ќе си ја извршат затоа што е некоректно, од наша страна има Записник изготвено пред месец и пол, каде ние што сме само интерен надзор на објектот, не сме главен надзор, не се наши пари ,не се.. Како интерен надзор имаме пуштено допис до главниот надзор и до изведувачот дека редењето на гранитот не е во добра кондиција, односно после се јавија некои поместувања на тие плочки,

на тие коцки. Мислам дека му е увиден проблемот , така да еве брзо реагират, викат од утре почнуваме да пределуваме. Верувам дека ќе биде така.Толку беше.А Пионерска ќе ставиме тоа си запишав, Пионерска од ТХТ до Гимназијата со градежна група на Комуналец ќе се потрудиме да ги пределиме тие коцки, а со оглед на тоа дека имаме повеќе од 50 квадрати коцки останато од Дисанка, мислам дека може да искомбинираме и да го стават во понормална функција самиот тротоар. За селските школи секоја иницијатива која што дошла до кај нас за изнајмување на такви објекти од сопстеност на Општина Кавадарци, ние сме ја прифатиле, сме ја дале на Совет, од одлука на совет после тоа се праве проценка на вредноста на објектот и од проценетата вредност 05% кирија се издава годишно во однос на тоа дали сака да го закупе 3,5,10 години. Во делот ако има потенцијални заинтересирани да ги користат сите јавни објекти на Општина Кавадарци кои што се сопствевност, ние не би правеле никаква пречка, би ги дале нормално за соодветна дејност, а во делот на историските моменти за Бохула мислам ми кажа секое село си има своја прикаска, тука виќе треба сериозно историски да ја разгледат тие што ја разбират историјата, јас ако Комисија за историја имаме разгледајте ги Дом на култура, Музејот. Ревитализација на школото може да направиме доколкиу е заштитен објект, доколку е објект спомен на културата или било што али тој објект мислам дека не е прогласен во. Сите школи се во сопственост на Општината. Сите школи. Ами имаме таков случај мислам во Фариш, го издадовме школото во Фариш. Имаше иницијатива за Раец сега, ја прифативме. Тоа сето оде пак со одлуки на Совет кои што ги прифаќаме како иницијативи и вие преку системот за јавни набавки секој има право да аплицира. Али мораме да имаме барем појдовна точка, еден зинтересиран за да направиме Елаборат, Елабораткошта 300 евра проценка или небитно објектот, па да се почне цела постапка. Така да секоја една иницијатива во тој дел е прифаќаме и намена ако можеме да најдиме. Таков случај имаме со школото во Марена, кај што беше напуштено, а ново школо изградено, го пренаменивме во градинка. Исто сега школото во Глишиќ. Школото во Глишиќ сакаме да го пренамениме во детска градинка, меѓутоа за жал е изградено диво градба. Го чекаме пак Законот за легализација.Не би смеел да пренаменам нешто што не е упишано во имотен лист и е диво градба, така Домот во Ваташа исто сакаме горниот дел да го пренамениме во уште еден колон на градинка за јасли. Мислам во тој дел има доста простор да ги ставиме функционални да бидат објектите околу градот, приградски, рурални средини итн.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи е исцрпена оваа точка Советнички прашања. Почитувани колеги пристапуваме кон последната точка на дневниот ред Тоа е:

**44.** Иницијатива за спас на Тиквешкото Езеро.

Во интерес на јавноста да ве запознаам дека група на граѓани преку Иницијатива за спас на Тиквешкото Езеро имаат доставено барање до службите во Општина Кавадарци за присуство на денешната средба . Тие се тука присутни. Потоа на наше задоволство се присутни и двајцата пратеници на нашето Републичко Собрание. Тоа е г-динот Зоран Јованчев и г-динот Панчо Минов. Од моја страна беше во текот на Комисијата вчера беше исправно вчера да се поканат и известат и директорите на ХЕЦ Тиквеш и Водостопанство Тиквеш. Јас вчера остварив контакти и со двајцата менаџери , меѓутоа денеска еве до сега ги нема уште присутни на денешната седница. Така да, од Еко Живот плус тука Паризов Роберт, така да севкупно сите што беа дадено насока да се поканат, беа поканети од моја страна.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Ако може да дополнам Претседателе. Значи ја без нив тука би видел дека немаме суштински разговор, без Директорот н Хец Тиквеш и без Директорот на Водостопанство, секоја почит према сите, ние ќе го продолжиме разговорот, али суштината на разговорот за спас на Тиквешкото Езеро без нив не е празна, ако не се заинтересирани па нека се откажат тогаш.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ: Почитуван Градоначалник јас во вчерашниот телефонски разговор со двајцата менаџери обив уверување и беше кажано дека во 15 до 13 да бидат тука и јас искрено ги очекувам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Дали некој од службите или ти лично да ги исконтактираш дали ќе дојдат, ако дојдат да ги причекаме за да почниме со дискуиијра.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Еве ќе го направам тоа. ГРАДОНАЧАЛНИК: Ај една пауза тогаш.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Пауза.
Почитувани советници по дадената насока да остварам контакт со менаџерите на двете државни институции, тоа е Водостопанство АД Тиквеш и ХЕЦ Тиквеш, стапив во контакт со двајцата менаџери. Менаџерот Ѓорѓи Ташев ме упати контакт од јавен интерес да ги барам на меил, пораката ми ја прати, не може да биде присутен, а се што не интересира да бараме на контакт@elem.com.mk. Г- динот директор на Водостопанство Тиквеш ми кажа дека од јавен интерес барањата и состојбите информациите треба да ги добиеме од Управните и Надзорните Одбори на двете јавни претпријатија во Скопје. Така да бидејќи од моја страна комплетно беше запазен Деловникот и барањето на советниците за присуство на Комисијата, мислам за нивна присутност на денешната седница. Јас ќе ја отворам точката на дневен ред без нив. Повелете кој има за збор. Ајде Војче.
ПРОТОРЕЈ ВОИСЛАВ ЃОРЃИЕВ Почитуван Градоначалниче, почитуван Претседаваче, почитувани пратеници , почитувани советници, почитувани медиуми и останати присутни овдека. Јас сум Протоерej Воислав Ѓорѓиев претставник од МПЦ Охридска Архиепископија Вардарска Епархија со

благослов на нашиот Митрополит Повардарски г-дин Агатангел да земам учество денеска на ова излагање и член на Иницијативниот Одбор за спасување на нашето Тиквешко Езеро. Има многу страно коишто се опфатени од овој болен и тежок дел, велам тежок дел затоа што овие 3 години уназад загрижувачка е состојбата со водата во нашето Тиквешко Езеро, пред се од многу причини. Јас ќе си спомнам за нашиот дел. Ние како Општина Кавадарци имаме прекрасен бисер од 14-та век, кој што е на темели од 11-тм век Полошкиот Манастир Св.Ѓорѓи. 2009 година овој манастир остана жив манастир што значи дека има монаштво и веќе до ден денеска, а сметам и понатаму, ние таму имаме мала фарма, односно стока од која што претежно крави, која што најмалку два пати во неделата има потреба да се носе храна за таа стока, но и намирници за останатите кои што живеат на тоа место. Еве веќе ова е година и пол кога се откажува и осветот. Таму имаме прекрасен конак, имаме многу работи направено благодарение на нашата Повардарска Епархија, но и од некои бизнис сектори и на Општината Кавадарци , каде не сме во можност ради паѓањето на водата, значи на водостојот да отидиме, многу мајстори кои што до ден денеска уште не ни се завршени некои работи, многу мајстори се откажуваат. Кога ќе дојдат и треба да носат нивни работи и ствари двеста метра нагоре, а верувајте дека тоа мора да се носе на рака затоа што тграктори и друго некое превозно средство не може, затоа што ќе заглави таму. Тоа е надолнина и го имаме тој проблем . Требаше лани после Ѓурѓовденот или крај на мај да бидат, да се освети, ради водостојот и овие ситуации не можевме, се одложи, еве и ова година како што е состојбата а
верувајте дека премногу, дека единствено
нешто каде што многу се има уложено, не верувам дека не се убави или не се уложени материјални средства за другите црковни објекти, но за овој Полошки Манастир кој што и тек треба да бидеме сите загрижени, се има многу уложено, а посетеноста е намалена ради водостојот. Макотрпната работа верувајте дека ние како свештени луѓе, од нашата Општина Кавадарци, па и Неготино па итн. ради тоа што луѓето кои што треба да помогнат откажуваат ние одиме за здравје на нашите фамилии и за да го зачуваме манастирот и да го направиме во тоа рувo, во кое што е ден денеска, не се страмам да кажам дека работиме. Јас посебно ќе спомнам сумеден од членовите, а со благослов на нашиот Митрополит Повардарски г-дин Агатангел член за спас на Тиквешко Езеро имам до вас Градоначалниче, Преседниче, пратеници, советници, медиуми и останати присутни да го прочитам барањето кое што сметам дека ќе најдиме сите заедничко решение. Ова не е само за Општината, за советниците, пратеници,туку ова е за сите луѓе, за сите граѓани на Општина Кавадарци и пошироко да се заземиме и стварно застанеме можеме да го спасиме Тиквешкото Езеро за да не биде како Преспа.

До: Совет на Локална Самоуправа Општина Кавадарци од

Иницијативен  Одбор за спас на Тиквешкото Езеро во Кавадарци.

Предмет: Барање за отпочнување на постапка за спас на Тиквешко Езеро.

Почитувани

Бараме од вас Локална Самоуправа на Општина Квадарци да преземете соодветни законски мерки со кои ќе се спречи уништувањето на акумулацијат Тиквешко Езеро. Со оглед на тоа дека сме сведоци на уништување на езерото, затоа сакаме да преземеме постапка за спас на езерото . Бараме Локалната Самоуправ како надлежна за локалните прашања да донесе одлука со која ќе ангажира овластени стручни лица од областа на екологијата, областа на енергетиката, областа на економијата, а доколку оцени дека е потребно и други фактори кои ќе изготват наод и да достават до Локалмната Самоуправа стручно мислење за состојбата на Тиквешкот Езеро, па и да дадат насоки за во иднина како требе да се стопанисува со водниот ресурс од Тиквешко Езеро, а притоа да се внимава на тоа да најголем дел од засеегнатите страни бидат задоволни , без да се нанесува штета на било која засегната страна. Потребна е Локалната Самоуправа па и надлежните кои што стопанисувваат со водата од акумулацијата Тиквеш да бара промена на воденото право т.е. правата кои ги стекнале водостопансвенските организации и ХЕЦ Тиквеш пред 53 години . Тие права да бидат изменети, затоа што 1969 година до денес поминале 53 години, а за тој период настанале многу промени и од тогаш до ден денес се создадоа најмалку уште 20 други засегнати страни. Времето кога е проектирана и градена акумулацијата Тиквеш беше друга држава, која веќе 30 години не постои , потоа беше друг правен субјект ЕС на Југославија, затоа тие права стекнати тогаш денес немат правен основ, а исто така тогаш биле само две засегнати страни, што не е состојба и денес. Од засегнатите страни ќе наброиме неколку сопственици на викендици, повеќе од 2000 викендици , сопственици на рибарски фарми, аква култура повече од 20 фарми , стопански риболов , рекреативен риболов, спортски риболов, манастири, цркви, пештерни цркви, сопственици на пловни објекти и најмалку уште 15 на број други засегнати . Поради тоа што се создадоа многу други засегнати, потребна е корекција на воденото право. Ние како Иницијативен Одбор за спас на Тиквешкото Езеро бараме нивото на водата да се корегира со тоа што наместо најниската кота од 233м. да биде кота 255- 260 м. од мах. кота 265 м. надморака височина до висината на Заливот или т.н. Инката, аи до мах. кота 269м. до круната на браната . Водата од езерото за правење на ел. енергија во зимските месеци нека се троши испод тоа, но не пониско од котата 250. Зимските месеци има потреба од поголемо производство на ел. енергија, намалена е потребата од вода за останатите корисници , тогаш нека се троши вода и повеќе, но во останатите месеци кога има потреба од голем број на корисници, тогаш да се троши само вишокот на вода, но само до долна граница на квота 255 до кота 260м. Стопанисувањето на ваков начин со водата нема да предизвикува штети

по засегнатите страни, затоа што од мах. кота 269м. надморска височина со спуштање до долна граница 250м. или 19 м релативна височина во зимските месеци , ќе се постигне поголем ефект ако се земе во предвид и тоа дека ХЕЦ Тиквеш од вкупното производство во државата учествува само со *2%* Тој процент од *2%* се намали само она 0,5% а да изнесува 1,5 % производство на ел. енергија ,а разликата до 2 % да се увезува . Штетата во тој случај ќе се намали 10-20 пати., Почитувани нашето барање до вас е во најкраток можен рок , но не повеќе од 10 дена т.е до 7-ми февруар, 2-ри 2022 година добиеме информација за преземеното и зависно од таа точно ќе добиеме, ќе ги преземиме наредните чекори, а се согласни со законот. Се надеваме дека за доброто на сите граѓани на Општината Кавадарци и пошироко вие како Локална Самоуправа која испаѓа од граѓаните треба да ги штити интересите на граѓаните сериозно ќе се заземете за спас на ова наше Тиквешко Езеро. Овој проблем треба локални фактори да го решаваат бидејќи се однесува за локалните жители. Не може да се остави на други фактори кои се на други краеви од нашата држава да решаваат бидејќи тие со ништо и ќе се засегнати од Тиквешкото Езеро. На крајот само ќе укажиме на тоа дека доколку има желба да се реши проблем, ќе се изнајде начин, а доколку нема желба и интерес ќе се изнајдат и многу изговори. Јас го завршувам ова излагање и ова предмет барање до Локалната Самоуправа и до вас како советници и пратеници.Се надевам понатаму повторно ќе се потрудиме да го спасиме нашето Тиквешко Езеро, а со тоа да го спасиме нашиот бисер, затоа што треба да се радуваме Полошкиот Манастир Светиот Великомаченик Ѓорѓи и Дреновската Црква која што некои ја знаат како Св. Димитрија некои ја знаат како Св. Богородица се бисери на ова наша општина и некои општини и немаат такви бисери, почнувајчи од 16-ти век или Ж-'ти, но ние еве благодарение на бога имаме такви бисери, па да може да ги зачуваме. Барењето кое што е од нас како Иницијативен Одбор го оставам до Преседникот. Повелете.

КИРЕ МАЛИНКОВ: Почитуван Претседаваче, почитуван Градоначалник, советници, пратеници, медиуми и останати што се присутни моментално сега. Јас сум Кире Малинков, спортски риболовец, член на натпреварувачка комисија на Македонска Риболовна Федерација, повеќекратен шампион ајде да кажам на Македонија, 5,6 година веќе репрезентативец на истото. Јас че кажам нешто во делот на спортскиот риболов и рекреативен, кои се проблемите околу самиот водостој на езерото. Ние во програма во МРФ имаме од 70-80% значи Тиквешкото Езеро е опфанато на Ресавски дел и Брушански дел за фаза на натпреварување. Прошлата година одржавме и Балканско Првенство, а во план е да има и Европско Првенство. Така да со овие како да кажам ајде статистики што ги имаме ние нели како увид дека моментално е 170 000 000 м3 вода, а уствари треба да бидат 475 000 000 м вода тоа е 3 пати помалку вода, така да ние немаме веќе услови за одржување било какви

натпревари, немаме услови за тренинг, пошто нашите дисциплини младинска, пионерска , како што и сите други спортови и воа е исто спорт, мислам дека за година две ќе биде и олимписка норма и за Олимпијада че има нели спортскиот риболов, така да со овие, со овој проблем сега што се сретнуваме у последните 3 години немаме ние веќе, а и за оваа година што се донесени сите натперевари за на ниво на Република Македонија Тиквешко е значи отргнато, заради овој проблем, пристап и нели нормално нема стаза за натпревари, пошто на нас ни треба малце повеќе, а беше едно од езерата што го имавме нели како алтернатива и нон-стоп нели беше. Тоа е една работа, а и најбитна работа скам да го кажам и оној момент, оној со еко системот, значи нарушување на еко системот на самото езеро, пошто ние сепак сме како да кажам спортисти и читаме за тие работи и учиме на таа тема. Иде и период нели на мрест, иде и затоа го бараме да биде побрзо тоа да се реше од ваша страна. Со самото тоа нагло паѓање на езерото се уништува оној животинскиот свет, што постои нели на самата обала. Така да тоа е уствари и најголемата, најбитната и природна исхрана на самите животни нели на самото езеро или рибите ај конкретно да кажиме, така да тоа е веќе загрижувачко затоа што идиме до некое најниско ниво каде што иде веќе оној дел на тиња, а во тиња знаеме сите дека ништо не живее, така да тука има проблем со синџирот на исхрана на самите животни внатре. Уште една друга битна работа, мрестот почнува, пошто гледам не се многу информирани сите, јас сакам да кажам мрест почнува од 1 март, значи нормално секоја риба си има начин на и временски период , што е и нели топлината многу битна за водата. Кога има нормален пад на самото езеро и кога иимаме влез од реките на жива вода, т.е. ладна вода, тоа се пролонгира. Со самото пролонгирање, таа икра е веќе јалова, значи ние тука се сретнуваме со голем проблем, немаме немаме репродукција на самата , природна , едноставно како да кажам ја уништуваме ние таа, нарушена е да, природниот процес е нарушен. Уште една битна работа етоа што со наглото покачување, нели викаме ај ќе се каче сега езерото и аха че биде се ок, не е така тоа, значи и да дојде икрата и да се измресте ако она отиде со наеднаш и да се каче езерото, пак исто таа икра не може да се оплоде, таа влева во длабочината, притисокот е многу поголем внатре, значи тие млади единки не можат никако да се оплодат, нема храна доволно, значи тука е уствари најголемиот проблем. Затоа сум тука да кажам иако може да се реше на било каков начин да допре до тие кои што, како да кажам до ЕСМ или надлежни да дојдат да никогаш , т.е. и нашето барање кое до 250м надморска висина да не биде никогаш езерото спуштено подоле. Знаеме дека современи личности, што викаме дека во време на Југославија донесен е закон 234, ние сакаме тоа да го промениме. Значи тоа е уствари целата филозофија, да го промениме тој 234 во 250, од 250 да не биде уопште ниако спуштено. Зошто. Оти на 234 идиме до крајниот дел, до тињата, а на 250 идиме баш до тој момент

членот кај што може природно да се мресте рибата и после со самото качување ние после ќе си дојдат другите врсти, така да нема да има многу штети. Со овој водостој ние имаме многу штета. Значи дефинитивно најмногу штета се прави сега со овој водостој. Порано не било вака, знаеме сите, само овие последните 3,4 години и затоа интервенираме да може да се среде таа работа. Толку од мене, за некои други работи.
АЛЕКСАНДАР МИТЕВ: Добарден почитуван Претседавач, почитуван Градоначалниче и почитувани советници, пратеници, медиуми и останати гости. Сите сме сведоци дека со Тиквешко Езеро се случува еден како да кажам хорор, значи така се уништува немилосрдно и затоа мора да се превземе нешто. Вака во контакт со повеќе луѓе, сите се заинтересирани, сите викат не е добро да се испуште езерото не е добро, меѓутоа до сега никој ништо не преземал. Значи мора да се превземе нешто, не може сите да се прогласуваме за ненадлежни. Сите сме надлежни и сите сме виновни за состојбите, зошто сами си допринесуваме за тоа. Тиквешко Езеро не е за една сезона, или за две сезони, или за еден мандат и да се уништиме. Тиквешко Езеро е за векови, значи Тиквешко Езеро има најмалку 20 и неколку засегнати страни. Кога е проектирано и градено 65-те години биле тие само 2 засегнати страни, производство на електрична, односно прво наводнување на мељоративниот систем за Тиквешки регион и вишокот од вода за производство на ел. енергија, меѓутоа отогаш до сега се создале сосема нови засегнати страни и корисници на водата. Таму е инвестирано доста големи средства, еве сите манипулираме со некои бројки над 2000 викендици, ама тие 2000 викендици најголем дел сега се недостапни за граѓаните, мзошто од 29,5,30 км вкупна должина на езерото сега имаме само 15 и нешшо, нема ни 16«®, значи на половина. Од водената маса од 475 000 ОООм3 имаме сведени на 175 000 000 м3. За 2/3 е намалена водената маса.Значи таа е мртва вода, значи таа за ништо не е.Каква струја, какви глупости. Како може од едно метро висина да паѓа вода и да произведува струја, колку да не е стручен човек од електроенергетиката ќе знае дека при висок пад на водата ударната моќ е голема и со многу помалку вода се произведуваат повеќе KWза разлика од ниско ниво. Ниско ниво, само се троши вода та, ништо друго, апсолутно ништо. Значи сега ние денес имаме да речиме да не ја оптеретуваме тука на советот многу, само две засегнати страни да речиме цркви, манастири и рибарство, додека кога ќе ги наброиме тука аква културата преку 20 и неколку фирми има, фирми што произведуваат производство на риба, фарми, рибарски фарми, има значи овие што се полиција шумска, полиција со општа надлежност на Кавадарци, гранична полиција немат пристап, нема со што да одат, барат помош од нас, не се оде, со појавата на емигрантите горе, кај горниот дел, со појава на кражби по викендиците, дрвокрадство, значи има секакви девијантни појави таму, рибокрадство, што нема и затоа ние како

граѓани на ова Општина Кавадарци наша обврска е должност ние да се заземиме за оваа работа, бидејќи од страна никој нема да дојде да ни го реше проблемот, апсолутно никој, значи апсолутно никој. Тоа сите добро го знаеме. Се е како ние сега тука да се напињаме за Липковско Езеро или за Дебарско Езеро. Они таму локално нека си го решаваат, значи треба ние тука да се концентрираме и затоа ние бараме од вас како надлежна власт, мислам како Локална Самоуправа дали сте заинтересиран да се отпочне постапка за спас, да не оптеретувам имам многу материјали,, него пократок ќе бидам, бидејќи и некој друг сака да каже нешто. Дали сте вие заинтересирани како Локална Самоуправа да се покрене постапка за да се спасе Тиквешко Езеро, за доброто на сите граѓани. Доколку сте согласни за тоа ние ќе побараме некој краток разумен рок да добиеме некои резултати, некоја информација од вас како Локална Самоуправа што имате превземено и какви че бидат резултатите од тоа превземено или непревземено, така ќе бидат нашите следни чекори. Значи зависно од тоа и можам да ви дадам еден предлог, тука имате и правници, имате се, доколку е овластена Локалната Самоуправа за да го скратеиме ова сега што го кажав, за да ја скратеиме постапката бидејќи ова е процедура малку подолга да се усогласат сите министерства, екологија, земјоделие итн. а ако е овластен, ако може да биде Локалната Самоуправа овластен поднесувач на тужба, а на тужба до судот, за донесување на времена мерка на користење на водата до решавање на проблемот, значи до решавање на проблемот. Тоа е најбрзата постапка и најлесната постапка, затоа што еве за еден месец, месец и пол ќе почне пролет, веќе раздвиженоста по езерото е голема, сега од економски аспект ако јас затоа лично таму ќе прочитат или ќе поделат материјал, значи треба да се испита и економската оправданост за Тиквешко Езеро, затоа што тие 2000 викендици, ако нели сите манипулираме се со 4,5 жители во фамилија, тоа се најмалку 1(0-15 000 жители директно загрозени, а индиректно уште толку. Еве сега вода се носе, еве сега сев електрифицира, еве сега се легализираат викендиците. Зошто луѓето плаќат толку големи давачки, а сега атрактивноста на викендиците опаднаа, на пола опаднаа, значи атрактивна е кога со е со повисок водостој, да можат луѓето да си користат техничка вода за тоалети, за ова, за она ,сега не можат. Граѓаните го оплеменија сами просторот околу езерото со хортикултура, со ова, со она, зада личе на нешто. Сега ние од една готова работа уништуваме, фактичи луѓето од ништо прават нешто, ние пак од нешто растураме Значи ние треба да се заземиме , не може сега да воде ред луѓе што не ни го знаат Тиквешко Езеро и да одлучуват за воденото право, за дозволата, за котите, за ова, за она, значи тука треба да се решава проблемот и затоа замолуваме ние како вака Иницијативен Одбор за спас на Тиквешко Езеро , вие како советници размислите дали е добро Тиквешко Езеро да се дозволе да се уништува или да се превземат соодветни законски мерки да се спасува Тиквешко Езеро. Затоа

што треба и за деца наши и за внуци и за правнуци и за сите нели. Тиквешко Езеро не е само за Општина Кавадарци, оно опфача и пошироко. Ние имаме примери еве и од што патуваат и од Европа и од други места гледат што се случува, едно никакво место таму направиле атракција,врие туристи од сите страни, дали во Турција , дали нагоре по европските држави, а ние тука имаме еден готов објект само со минимална корекција или залагање ќе добиеме еден страшно квалитетеен објект кој ќе се надоврзе во целокупното, во општината еве сите сме сведоци дека градот заличува секојдневно на нешто поубаво и сега направиме готов објект да го уништиме. Значи не е дозволено тоа и затоа на крајот да не оптеретувам, бидејќи е веќе и многу касно наша заложба е тоа , за едно 10 дена отприлика да може да добиеме како одговор дали имате превземено нешто од ваша страна и дали имате некоја повратна информација, каква ќе биде таа повратна информација зависи од тоа, така че настапуваме понатаму.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПЛАНИНАРСКО ДРУШТВО ОРЛЕ НИКОЛА МИНЧОРОВ: Почитувани јас сум Претседател на Планинарското Спортско Друштво Орле, една од засегнатите страни . Штом почнавме да го развиваме спелео туризмот на Тиквешкото Езеро , ќе ви кажам зошто. Вода нема. Тиквешкото Езеро располага како трет реон во Тиквешијата со едни од најаките пештери во Тиквешијата. Тоа се спомнаа нели Св. Лазар пештерската црква, Чулеица Петрезановска црква, Клиново Водната пешт и Галишката пештера, една од најдобрите пештери во Македонија. Развој на спелео туризмот го почнавме на некој начин, тоа со тоа што сите спелеолози дали се од Македонија или од странство, сите спелеолози што дојдоа наидоа на интересни работи со тоа што францускатa експедиција кога дојде на пештерата Чулеица откри украс пештерски што нигде го нема на светот. Една интересна работа. Друга интересна работа во тој дел што е интересно за спелео туризмот е и пештерските бисери на Галишка пештера. Нигде ги нема тие пештерски бисери, се створат таму, нели има фотографии. Желба ќе ми биде, го слушав и претходниот нели дискутант, желба ќе ми биде езерото да си дојде во нормала и ние редовно да го посетуваме, редовно нели пештерите да ги посетуваме и да ги заштитуваме и една друга работа во овој дел се наоѓат едни од најретките лилјаци во Европа, најретки лилјаци. Тоа е пак во книгата за пештерските украси , значи тука се наоѓаат на прсти минијатурни од 2мм и големиот од 15 мм. Тоа го нема нигдe во светот. Значи тие работи мораме да ги заштитиме од тоа што ние редовно ги посетуваме горе, редовно дури Галишката пештера е вече и заштитена со врата од непожелни гости и понатаму ќе мораме и Чулеица да ја заштитиме и Водната Пеш.

ПРАТЕНИК ПАНЧО МИНОВч Благодарам прво до Претседателот и Градоначалникот кои што не поканија на оваа расправа. Ја поздравувам иницијативата од Здружението за спас на Тиквешко Езеро. За информација

на иницијаторите и на Советот сакам прво од аспект на мојата функција како пратеник да го воведам присутниот кворум тука со проблематиката по однос на два закони кои што ја регулират оваа проблематика, а тоа е прво Законот за води, вториот е Законот за заштита на животната средина каде што имаме една состојба да во делот на Законот за води управувањето со водите е утврдено со одредени приоритети, каде што е прво за пиење, па за наводнување, ел. енергија и потоа следуват за делот на риболовот, рибниците и повидбата и други спортски активности, но има во Законот една работа на која што јас сакам да акцентирам и сакам на тоа да се држиме. Тоа е делот за ова што го кажаа дека има во користењето на водите, стекнување на водни права, овој приоритет што го наброја, каде што се управува со водите во користењето на водното тело има значи за секоја, за секоја значи водно право има обавезно критериум да се заштите квалитетот на животната средина и тука е нашата реакција, тука е целокупниот основаност на критика за постоечката состојба што е на испразнетост на Тиквешкото Езеро и тука требе Претседавач и Градоначалник да се утврде една Кавадаречка, да речиме Тиквешка соодејство акција за да се превземат сопствените надлежности и ингеренции за да се работата измене на подобро, што ќе значи и задоволување на барањата и на овие претставници од ова Здружение а и на сите други што се таму и на нас како засегнати страни, а и на сите граѓани. Што е тоа. Тоа е кога се носеле овие Водостопански дозволи , тие се носат на 10 години рок и тие тогаш имало некоја процедура на произнесување на јавноста, бидејќи самиот Закон за води и за предвидоа јавност во донесувањето на одлуките и таа јавност се однесува и на сите засегнати субјекти , значи било надлежноста е на Министерството за екологија, но он мора да има јавност во донесувањето на тие одлуки и мора да го третира интересот на засегнатите страни, важи еден принцип во двата закона кој се однесува на интеегралност. Тоа значи да има поврзаност преку користењето на водното живеалиште, ова што го викаме флора и фауна, на еко ситемите за вода, на еко системите во врска со вода, баш ова што го збореше и претставникот од Планинарското Друштво, викендисците тука и така натаму, значи основнованост за еколошки аспект да делува има во согласност со Закон<огг. Мора да се направе усогласување на ова што значи издадени Водостопански дозволи. Во тие издадени Водостопански дозволи тогаш е имало донесување на т.н. Проектна задача на исполнетост на водостопански услови и задоволување на квалите на животниот стандард , на еколошки стандард . Тоа сето е во една мината фаза од повеќе години накај 10 години и се јавува овој проблем. Тогаш имало, мислење давале меѓу друзите и Градоначалникот. Тоа е пред 10 години, сигурно ако не дал мислење, важи дека дал согласност на таквото мислење, но законот сам по себе има едне член кој што децидно во вакви состојби предвидува можност за измена и дополнување на Водостопанските дозволи.

Јас мислам првиот Заклучок наш треба да биде тоа, да ние побараме за една измена и дополнување на Водостопанската основа на ЕСМ во која што че донесиме документација за состојбата со водните права нивни за користење на акумулацијата . Во таа документација треба да се содржани податоци за количините на користење на водните капацитети и начинот на користење што е иначе многу важно и е содржано во ова барање. Што сакам да кажам . Сакам да кажам дека го прифаќам предлогот да се формира една комисија или претставничко тело кое што би го предводел Градоначалникот, ние како пратеници и претставници од Советот, од невладиниот сектор , значи да биде единствена активноста на општинско ниво и со вакра една документација, со вакви податоци да ние пристапиме од еколошки аспект на измена и дополнување на Водостопанската дозвола . Акцентот треба да биде ставен како дозволите што се издавани не толку, на Водостопанство на Македонија туку во делот на ЕСМ влијаат на делот на оценката од таквото користење на водите врз животната средина . Квалитетно, стручно изјаснување дека тоа влијае негативно, неповолно ќе значи активирање на можноста за измена на оваа Водостопанска дозвола која што за информација истекува во март месец 2023 година, негде 7-ми месец , 8-ми му истекува дозволата Водостопанска на Водостопанство Македонија, значи нашето воа, Тиквешко Поле, но ние тоа многу долг период за таа постапка да ја следиме во нејзино донесување и да го предлагаме овоа . Мој предлог е да во оваков состав единствено општински да побараме измена и допполнување на делот на постојната Водостопанска дозвола на ЕСМ. Во тие рамки точно е тоа дека има една можност од еколошки аспект Министерството за екологија дури и на издадената дозвола каде што сега ЕСМ е во право, она си има дури добиено дозвола да делот на 233 кота да го користи капацитетот на акумулацијата и тоа она го спазува, значи она по она што го има документи не е незаконски како да кажам е во согласност со тие докуменсти, али таа работа е веќе видоизменета и таа работа веќе создава еколошки последици, кои што предизвикуваат катастрофа со состојбата на Тиквешкото Езеро. Во тој аспект сметам дека е запозната третирајќи го интересот, оти користењето на водите е за јавен интерес, значи застапувајќи го безрезервно наводнувањето на земјоделските површини во делот на придонесот што го има ЕСМ во делот на енергетскиот биланс на државата и придонесот што го има ХЕЦ Тиквеш во тој дел да ние направиме една интервенција која што ќе значи во две насоки. Првото е измена и дополнување на дозволата и второ бидејќи е рокот на мрестењето како што кажаа овој месец , да побараме и времено ограничување на користењето на веќе издадените дозволи. Тоа е законската можност што ја испитав во Законот. Тоа е го застапувам и до сега на комисии во Парламентот, сметам дека актуелизацијата наша како пратеници да биде да се ставе на дневен ред на Парламентот и на Влада, бидејќи за Тиквешкото Езеро се работе за сите

акумулации во Републиката и како такво би побарале и една по мене содејство со директорот и Раководството на ЕСМ да излезат во пресрет, во разбирање иако е нивната Водостопанска дозвола таква да таа кота од 255 која се бара, која ги задоволува и сите засегнати страни да се гарантира, а во зимскиот период да тоа биде 250 квота како што стое барањето и има објаснување за таа работа, да не го оптеретувам кворумот, важно ми беше како пратеник учествувајќи во оваа расправа, значи моето видување на Законот и досегашно застапување е во таа насока да ние, пак ќе повторам единствено со ангажирање и на стручни лица од екологијата и енергетиката, сите фактори од Општината да испратиме заедно воМинистерството за екологија, од Министерството за екологија до ЕСМ, да го актуелизираме на Парламентот и на Влада прашањето и да побараме, ова го испуштив за малку , да побараме инспекциски надзор. Инспекцискиот надзор е единствен сега во ваква состојба во која се издадени Водостопански дозволи е единствен кој што може да интервенира и да каже да има нарушување на рамнотежата на еко ситемите со користењето на водите на Тиквешко Езеро и треба да се превземат мерки за намалување на користењето согласно издадените дозволи на водата заради обезбедување на еколошка рамнотежа и на она што значи живот во водата и во врска еко системите, во врска со водата тоа се за викендиците, за еве црквите, манастирите, стопански активности итн. ПРАТЕНИК ЗОРАН ЈОВАНЧЕВ: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани од Иницијативата за спас на Тиквешкото Езеро, почитувани присутни. Одма на почетокот ќе кажам дека ја подржувам иницијативата и активно ќе учествувам во застапувањето на оваа акција за спас на Тиквешкото Езеро преку мојата функција пратеник. Се согласувам комплетно со сите претходни дискутанти и инспириран од еден од нив, односно од првиот дискутант, претставникот на МПЦ Свештеникот Отец Војче само може да кажам дека Бог ги создал природните бисери околу Тиквешкото Езеро, нашите верски убавици, црквите, манастирите итн. а безбожните властодрџци без разлика од која политичка провиненција доаѓаат да ги уништуваат. Каков само треба да си нечовек да дозволиш да се направи оваа катастрофа.Минатата година на почетокот на пловидната сезона на крајот на март имав пресконференција на која што укажав на овие катастрофални, хаотични ситуации во кои што се доведе и се наоѓа нашето Тиквешко Езеро. Апелирав дека е доведен во прашање го цитирам текстот:

Апелирав дека е доведен во прашање биодиверзитетот„односно опстанокот на живиот свет на Тиквешкото Езеро , сопствениците на рибниците се во паника и тогаш и сега поради ниското ниво на езерото и недоволно количество на кислород. Сите овие претставници овде„односно сопственици на рибници и на аква култура имаат дозволи, концесии за да ја обавуваат оваа

култура, за туризмот да не зборимe каде веќе со години и месеци воопшто и да не дошол некој турист на Тиквешкото Езеро да ја посети црквата Св. Ѓорѓи, манастирот, викенд населбите, нашата убавица Тиквешкото Езеро. Можам на крајот само да заклучам дека во оваа состојба во која што е доведено Тиквешкото Езеро и не само Тиквешкото Езеро него и сите акумулации како што кажа и колегата мој претходник според мене е од неспособното раководство, недоброто, непланското менаџирање. Без разлика, пак ќе кажам, се повторува на почетокот на мојата дискусија, јас ќе стојам на располагање. Сите одлуки, сите заклучоци, законски мерки, кои што тука ќе ги донесиме би учествувал и ќе ги подржувам. Се надевам дека периодот кој што е пред нас ќе имаме ситуација да го видиме Тиквешкото Езеро во онаа ситуација, односно на она ниво кое што претставува пак да не речам природна убавина за нас, за Кавадарчани.Благодарам ги подржувам сите активности и стојам на располагање.

РОБЕРТ ПАРИЗОВ: Почитувани сограѓани, ни како екологисти тука од Кавадарци сме присутни веќе 15 години на еколошката клима во Македонија. Би сакале да апелираме до Советот и до присутните да укажиме малце на советниците и на пратениците дека на територија на Кавадарци е присутен строгиот Резерват Тиквеш . Тија строг Резерват Тиквеш е направен од страна на соодветните министерства на времето пред 20 -тина години и тија строг Резерват Тиквеш се простира на површина од 11300 ха и на ваа територија од 1115(00ха имаме присутно 1253 разни видови на растенија и животни. Би ви укажал дека самите научници кога на времето ја правеле Студијата за валоризација на Тиквешкото Езеро, истакнале дека се зачудени од тија феномен, дека на една таква територија толку мала има толку разноликост на видовите и толкав број на видови. Со исчезнувањето на 15км должина од езерото, ја верувам дека доста значителен број од тие видови се веќе исчезнати, дека нема да можиме пак да ги најдиме. Од рибниот фонд кој што постое на Тиквешкото Езеро можеби се преживеани тие Ш-нина мислам беа видови, кои што се таму присутни, но факт е дека нивната бројност ќе се намале и дека правните субјекти кои што стопанисуваат со езерото и дека друзите чинители едноставно му е хоби, задоволство или бизнис, сето тоа дека нема да бидат задоволни од тие услови.Тиквешкото Езеро нема само влијание на микро климата, тука на тија дел, на Тиквешкото Езеро, него има влијание и на целокупната клима тука на територија на Општина Кавадарци. Самото Тиквешко Езеро гш, како да ви ја доловам самата слика дека има влијание самата клима на цело ниво на нашиот Тиквешки реон и сеа ако имаме ние 1/3 вода у тоа Тиквешко Езеро, може да замислите какво влијание ќе има врз количеството на дождови, врз влажноста на воздухот, врз друзите чинители и врз развојот на други микро организми кои што пак имат друг удел врз локалното земјоделие итн. да не навлеваме толку стручно. Ги слушав

внимателно двајцата пратеници и сметам дека вија проблем треба да реши институционално, е во надлежност на Министерството на земјоделие, таа водостопанскадозвола, но и Секторот води, ја разговарав со секретарката ми потврди дека не ја издават они дозволата, они само дават мислење дека Министерството за земјоделие, водостопанство дава. Пак ќе го провериме дополнително тија факт. У секој случај решението треба да испадне од тука, од вија состанок, насоката , стратегијата треба да испадне од вија состанок. Не верувам дека ќе успееме во брзо време да ја натерамеИинспекторката за води у склоп на Државниот Инспекторат за животна средина да дојде и да направе записник, бидејќи е една, единствена на територија на Република Македонија, но за среќа ние имаме тука наш Општински Инспектор, кој е под надлежност на Градоначалникот и нашиот Општински инспектор може да го направе тој записник, доколку државниот не сака да дојде и да го направе тија записник за влијанието на намалената количина вода врз биодиверзитетот и врз самата животна средина тука на територија на Општина Кавадарци и врз самиот реон. Нема да навлевам во тоа колку видови безрбетници и влечуги итн. има присутно и птици грабливки и други работи, тоа сето е од голема важност, не само тука за нашата општина, тоа од туристички и научен гледен апект важен е и за самите Европска Унија, по нејзините директиви, она дала насоки за нашата држава дека ќе ги заштите тие видови и да превземе сите мерки и други работи. Така да сметам дека самиот Инспекторат може да направе Записник за влијанието на намалување на самата количина на вода врз квалитетот и состојбата на животната средина, поточно биолошката разновидност. Од тука ние ќе стоиме како Еколошко Друштво врз секој ваш заклучок и врз сите други можни правни разрешувања на ваа проблематика. Сакам да кажам дека мислам дека подобро ќе биде институционално разрешување на проблематиката и да не очекуваме многу од ЕСМ, дека они совеста ќе преработе и ќе почнат наеднаш да не пуштат вода, туку-така без соодветен притисок врз содветното Министерство и врз содветникот закондан и сметам дека пратеникот Панчо и Зоки Јованчев може да дадат најсоодветен притисок врз институциите кои што ги дават тие дозволи за поскорашна промена на таа Водостопанска дозвола и таа Водостопанска дозвола мора да биде променета. Тоа е нешто што некогаш се формирала како бројка и таа бројка, поради х причини не е променета никогаш, но сега условите, нашето мнение, влијанието врз економското влијание врз нашите сограѓани треба да го земиме во предвид и да се направе соодветниот притисок. Нема да должам многу . Тоа е тоа. Сето е веќе тука кажано што треба да се каже, но сметам дека интерсекторско тело формирање на воа е потребно и дека записникот од содветен инспектор треба да биде направен, за да се продолже понатки како допис и барање до содветни државни институции. Така ми е мене кажано и ни пробаме нешто да направиме, значи сепак треба

да постое некој записник кој што ќе го утврде негативното влијание на недостатокот на вода врз самата животна средина.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ги ислушав внимателно сите дискутанти. Точно е дека имаме одреден проблем таму и ние тука претежно зборувам е за еколошкиот аспект на езерото, меѓутоа примарни намени на езерото се други. Тоа е во период април, октомври наводнувањето и постое содветна минимална кота која што е запазена и до сега јас не знам дека имало проблем во делот на обезбедување доволно количество на вода за наводнување. Вториот дел е кој што е актуелен моментално, тоа е делот на енергетиката и производството на ел. енергија, која што просечно, годишно производство на ХЕЦ Тиквеш изнесува 153 000 MWчасови . Во ситуација на енергетска криза, мислам дека треба да го земиме и тој факт, да ги земиме сите засегнати страни, па ќе носиме одредени заклучоци и одредени барања од страна на останатите централни институции, значи треба да го земиме и конкретно и тој момент, бидејќи на ниво на држава е 135 000 мега часови, што во просек ги произведува ХЕЦ Тиквеш, можеби изгледаат малце, 2, 3 % меѓутоа во ситуација на енергетска криза, кај што ми се чини вчера и пред тој ден цената на ел. енергија се движи негде од 250-300 евра за MWчасс. Борбата е за секојmw на час, иначе се согласувам дека потребно е да има одредени корекции, меѓутоа не сметам дека ние како, сме доволно стручни, без никаква како се вели анализа да поставуваме коти, за да не направиме поголем проблем. Ние можеме да ставиме и многу висока кота и со тоа да го намалиме на пр. капацитетот на производство на ХЕЦ Тиквеш, кој што ни е во овој момент , каков таков капацитет го имаме ние на располагање и може да покрие одредено производство. Мислам дека треба да се, мој предлог е да се оди со заклиучок , да се иницира одреден дијалог со институциите кои што се надлежни во однос на оваа работа, да се направат соодветни истражувања во однос на оваа работа и да се утврдат коти, во соработка Општина Кавадарци со централните институции со цел да не ставиме превисоки или прениски квоти и да оштетиме одрдена страна. Јас мислам тоа во овој момент мислам дека би било најразумното решение.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани присутни, значи Тиквешкото Езеро е симбол на Општина Кавадарци и е од посебно значење за Тиквешијата. Сите сме заинтересирани што се случува во и околу езерото, но состојбата на нивото на водата во езерото не треба да се злоупотребува и за добивање значи на политички поени или за остварување на некои лични приватни интереси . Значи треба секогаш да тргнувам со факти и аргументи и рационално и реално да гледаме на проблемот. Значи Тиквешкото Езеро е вештачко езеро со здадено во 6Оте години во минатиот век заради две причини наводнување во летниот период и производство на ел. енергија. Факт е дека климатските промени си го прават своето и ние многу пати не сме моќни против природата.

Значи реално има намалување на природниот доток на вода и заради тоа количеството на вода во Тиквешкото Езеро е такво како што е , но тоа не е случај само со Тиквешкото Езеро , тоа е случај со сите други вештачки езера во Македонија , па дури и со природните езера, но законските рамки на нивото на водата од страна ХЕЦ Тиквеш се почитува, тоа е значи 233 м во зимскиот и 245 во летниот период. Никој од претходните дискутанти не ја спомнаа светската економска криза, значи не се навратија на тој момент, што е многу битен, заради тоа што знаеме дека цената на ел. енергија на светскиот пазар многу порасна, ни треба да сме среќни што ХЕЦ Тиквеш ја имаме во нашата општина и што е изграден со голем износ средства . Во таа електрана се вложени многу пари за одржавка на целиот период до сега и за надградување на истата и многу е битно во услови на енергетска криза да се произведува струја со природни и обновливи ресурс, а тоа е токму хидроцентралите, меѓу кои и ХЕЦ Тиквеш. Најефтина ел. енергија која што во овој момент , не треба да се откажиме. Тоа е нормална ситуација кога размислуваме како економисти и како луѓе што треба да раководат со државните ресурси. Секако во предвид треба да се земат и овие негативни последици што ги имат сите други заинтерсирани страни што го користат езерото на било кој начин, дали за одгледување на риба, дали за риболов, дали за викендичките што се во околината на езерото , но како што спомна и пратеникот Панчо Минов има приоритети . Значи има редослед по тие приоритети се носат и државните одлуки, има навистина течки ситуации кога државата треба да донесе одлуки дали да произведе струја или дали да ги задоволи потребите на другите заинтересирани страни , тоа секако треба да го имаме сега во предвид . Да се надеваме дека во блиска иднина, во следниот период ќе има поголем доток на вода, па на тој начин ќе имаме поголемо количество на вода во Тиквешкото Езеро, но исто така ние сите засегнати страни, сите граѓани во општина треба многу да се насочиме и да го штитиме и да се грижиме за ова езеро во целиот период . Значи занаеме дека чистотата на водата и чистотата во околината на езерото не е на завидно ниво. Сите се грижиме за езерото, подржуваме грижа, а реално сите на некој начин ги гледат само нивните лични интереси . Значи ако сега прошетаме околу езерото , да видиме каква е состојбата и колку е чисто тоа и како ја негуваме таа природа, знам дека че има многу забелешки и ќе бидеме сите непријатно изненадени и заради тоа молам посебно до политичките , партиските, јавните, државните функционери да внимаваат во изјавите и да се базираат на аргументи и фактти, да не се остава некоја лоша слика дека некој многу се грижи за езерото, а дека некој го уништува езерото, напротив сите сме загрижени за езерото и треба да водиме сметка , ама да ги земаме во предвид и постоечките закони,постоечките приоритети м се што е во можност, значи и во законската регулатива, со иницијатива како што спомна и пратеникот да се здружиме сите, ама да бидем реални и рационални

и во нашите барања и по тоа што го очекуваме дека ќе го добиеме назад од соодветните министерсинв.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван Градоначалниче , почитувани пратеници во Републичкото Собрание , почитувани советници, почитувани медиуми. Темата околу Тиквешкото Езеро е тема која моментално е објективно реално горчлив проблем за жителите на Општина Кавадарци . Како што би рекле секоја планина, своја тежина, така сметам и на голем дел од жителите од Општина Кавадарци состојбата со Тиквешкото Езеро и неговото пропаѓање и затворање со ваквиот начин на функционирање на езерото кон една депонија, остава една грда слика на целата општина, а апсолутно не можам а да не се иземам ние како Локална Самоуправа, како пратеници да останеме неми на сето тоа што се случува на Тиквешкото Езеро . Тиквешкото Езеро е од големо економско, туристичко и стратешко значење и треба да не дозволиме негово уништување, иако се слагам со претходните мои двајца соговорници кои кажаа дека во 60-те години од минатиот век примарна цел беше Хидромелиоративниот систем Тиквеш, а потоа и производството на ел. енергија, меѓутоа да не заборавиме дека отогаш наваму се поминати едно добри 40, 50 години. Во тој период Тиквешкото Езеро стана една значителна туристичка атракција во која безмалку од 1500-2000 викендички се изградени, зборуваме за сопственици на викендички, кои во градежните материјали плаќаат ДДВ , зборуваме за легализирани објекти кои плаќаат данок на оваа држава и апсолутно имаат право својот револт и својот став да има огромно значение во нашето општествено мнение во Општина Кавадарци. Едно мое гледиште од денешната точка за оваа седница е дека треба да испадниме со еден заеднички Заклучок и сметам дека многу политиканство , искрено на политичките партии и не може многу да му помогне, атреба пред се да му помогне на жителите на Општина Кавадарци, бидејќи ако зборуваме за самата енергетска криза, таа енергетска криза точно е дека е оваа година, меѓутоа нивото на езерото не е на завидно ниво изминатите 2-3 години кога е факт и немаше некоја посебна енергетска криза. Овие последни 3-4 години нивото на котата, иако се слагам дека е во законски рамки, нејзиното користење и за наводнување и за производство на ел. струја меѓутоа факте е дека таа кота предизвика одреден проблем на самите Кавадарчани, кои не беа научени да го гледат езерото на таа кота, да речиме пред 4-5 години, меѓутоа тоа оставам да суде самата јавност. Едно мое гледиште е дека оваа точка треб а да испадниме со еден заеднички заклучок од тоа што го барат граѓаните чисто од нас . Тој заклучок апсолутно со заедничка подршка на двајцата пратеници, кои гледам дека имат апсолутно проактивна улога и проактивен настап и желба за решение бидејќи тие потекнуваат од тука, да се обратиме до централните институциии и во Скопје и во најкраток можен рок да се изврши едно заедничко кординативно тело,

еден заеднички состанок во кој апсолутно треба да биде вклучен Градоначалникот и Локалната Самоуправа и заедно да седниме што поскоро, да се потрудиме да најдиме некое зедничко решение во кое нема да биде засегнато ниту страната на електро производството, ниту страната на иницијаторите за спас на Тиквешкото Езеро, бидејќи мислиме дека нели за вакви јавни добра и добра што се од широк општествен интерес сметам дека многу политика, пред се за политичките партии ќе биде добро, меѓутоа од тој случај ќе страдат граѓаните. Затоа ја подржуваме иницијативата од самиот одбор , еден голем поздрав до двајцата наши пратеници и јас како Претседател на Советот на Општина Кавадарци стојам на располагање заедно со се надевам сите советници и Градоначалникот да го донесиме најдоброто и тоа што го барат моментално граѓаните од нас.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, пратеници, колеги, медиуми, присутни. Искрено да ви кажам срамно е во 21-чви век да стоиме тука и да правиме муабет за спас на Тиквешко Езеро, мисла кога веќе свеста на народот работи на толку високо ниво, не би било добро да разговараме на оваа тема. Треба ова сето да биде надминато многу поодамна. Кога збориме за производството на ХЕЦ Тиквеш, збориме дека е *2%* од производството така нели. Не бараме да се укинат тие *2%,* нека се намале на 1,5%, пак ќе ги добиеме вредностите. Таму што некој не успеал да изменацира во дотичните фабрики тоа си е негов проблем. Знам...25О Mw\h, меѓутоа тоа што некој не успеал да ги изменацира главните производители на ел. енергии во Македонија, се знае4 кои треба да бидат. ХЕЦ Т иквеш треба да помага на тие, не да одмага. Ако го земиме во kw/h 43 250 или врз основа на потрошувачката значи 1Ж2 денара произведува енергија во Р. Македонија ХЕЦ Тиквеш, нема ни 2 денара. Збориме за придобит, не секогаш треба да ги земиме параметри парите, не се се парите во животот. Значи не мора цело време да гледаме економски трендови, некогаш купуваме некои работи, трошиме пари, а не ни причинуваат никаква корист, бенефит не ни прават. Така да сметам дека треба ова инцијатива да се подрже и да му се каже на тие претпоставените да си ги обезбедуваат средствата за производство на енергија онака како што треба и што го дале во своето работење. Така да сметам дека еве тука може да поднесат иницијатива, да се субвенционират фотоволтаици, да се поставуваат на куќи, значи збориме за енергетска криза. Да дајте тогаш сите ќе ставаме на крововите по 4 kw ќе се спаси. Дај да наменат такви средства и ќе го спасиме Тиквешкото Езеро. Знач и не може енергетската криза цело време да ни биде репер за се што уништуваме. Така да сметам дека може значи на еден добар менаџерски начин да се реше сето воа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна колегата за одредени решенија, меѓутоа тоа се решенија што се решаваат во нареден период. Јас мислам дека има

најави за одредени инвестиции во дел на фотофолтаици на одредени компании, со цел да се погигнат енергетските капацитети на државата. Мојата дискусија беше само во насока на тоа да ги опфаниме и да се направе кординативен состанок, како што спомна и Претседателот на Совет, да се направе состанок каде што ќе бидат опфатени сите засегнати страни се со цел да, мојата интенција да не се утврдуваат коти денеска, бидејќи ние не сме стручни за таа работа. Значи да се даде само еден заклучок каде што ќе се утврде дека е потребно корекција на истите и да се вклуче Општината и сите засегнати страни, кои што се покрај ХЕЦ Тиквеш, Водостопанство, рибари, еколошки здруженија, панинарски здруженија да се вклучат сите и да најдиме соодветно решение во однос на овој проблем. Тоа беше само нашата замерка.
СОВЕТНИЧКА РУЖИЦА РИСТОВ: Почитувани граѓани, Претседател на Совет, Градоначалник, колеги советници , медиуми, присутни од засегнатите страни вештачко езеро е Тиквешкото Езеро создадено 68-ма година. Точно дека 68-ма година основната цел му била да наводнува и да произведува ел енергија, меѓутоа од 68'ма година работите се многу сменети и како граѓани тука сме сите собрани да кажиме дека имаме проблем. Ние не утврдуваме, значи не сме дојдени тука да да утврдуваме која е минималната, која е максималната кота, меѓутоа тоа е наше решение што мислиме дека би довело до некој спас. Кога го спомнуваме Тиквешкото Езеро спомнуваме во Учебникот по геотдеафија дека е најголемо вештачко езеро по површина, широчина и по должина. Тоа значи дека треба да го избришиме, како е тргната процедурата, незнам. Па така воде муабетотЈМожеш да ме оставиш да се докажам. Користи го твоето право на реплика. Сметам дека тука сме дојдени да не ја политизираме работата, туку да се огласиме на граѓаните заради кои сме ни тука на вија момент. Ако граѓаните значи не можат да дојдат до нас, затоа што нас не изгласале, да останиме ни глуви и неми , јас мислам дека ни тука не би требало да седиме и не би требало да ги донесуваме и другите одлуки, а камоли за спас на Тиквешкото Езеро, заради тоа што Тиквешкото Езеро не само што сега молментално е, точно е енергетска криза меѓутоа тука е и ковид ситуацијата, а ковид ситуацијата единствена поблиска рекреација е Тиквешкото Езеро, можеме да гледаме и од таа страна на граѓаните и мислам дека има многу работи за и против, ама дека Тиквешкото Езеро треба да се спаси, треба.
СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Јас вака само кратко, еве и директно ќе му се обратам на колегата Мелов Вуко . Да ќе го спасиме, само гледцам дека е многу, денеска е бааѓи заинтересиран за спасување, меѓутоа вчера се случи еден за мене искрено да ви кажам еден преседан, за жал немаше камери да го регистрират тоа на Комисијата за екологија, кога исто вака на една расправија што ја викаме ни и на една ваква дискусија тој стана, си го зема мобилниот и му кажа на Претседателот воа се тешки глупости и демостративно ја напушти

салата. Вака значи стои. Чеки не сум докажал. Е па кажи си реплика. Зошто тоа го кажа нема да кажувам , тоа е негово домашно воспитување и карактер вањда, ама ќе барам искрено извинување од негова страна, до нас советниците што бевме присутни, до службите, до Претседателот на Советот и тука беше присутен овој годподинот Паризов. Толку.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Кој, колку е заинтересиран у однос на Тиквешкото Езеро си покажал на дело советниче. Градоначалник се сеќавате ли наседницата на 14.11 2019 година. Не се сеќавате. На таа седница беше точка врз основа на Проектот ТАФ за водоснабдување на викенд населбите. Дали се сеќавате вие советници од ВМРО ДПМНЕ, вие Градоначалник верувам дека се сеќавате како ВМРО ДПМНЕ гласаше во однос на оваа точка. У однос на таа точка . Во однос на точката за обезбедување на мрежа за водоснабдување на населбата која што е на Тиквешкото Езеро. Брушани. Како гласате. Е не е така. Сеа ќе ти покажам дека не е така. Еве го ако не ми верувате мене изјава од Градоначалникот. Еве вака.
Не сакаме да мешаме политика, тоа е од колегата јас испаднав заради тоа што се предлагаше да не произведува ХЕЦ Тиквеш, ради тоа што ќе сте дигале протести, не знам што ќе сте дигале, ја ради тоа си испаднав од Комисијата, а иначе саат време. Не го кажав тоа .Не, не,не  го кажав тоа. Не сум го кажал јас тоа. Не ми маниЈпушчраај. Не ми манипулирај. Меѓутоа јас седев саат време тука и дебатирав во однос на ваа тема.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани присутни прво мислам дека имавме плодна дискусија од повеќе страни и еве малку и политика, меѓутоа тоа не го решава проблемот со Тиквешкото Езеро и нема да го реше проблемот на засегнљати страни. Јас мислам засегнати страни се сите 40 000 жители во Општина Кавадарци, не се само тие што се инцијатори на оваа работа. На почеток не сакам да вилгаризирам нешто, не сакам да заборавам да кажам дека односот на Директорот Ѓоко Ташев према Општината и према институција Градоначалник и Претседател на Совет и советници со одговор на порака дека требе јавниот интерес да го бараме на имејл е арогантен и вооопшто не е лојален према институциите а воа е институција не е нешто друго. Сакам да ви кажам ако сте Кавдарчани, ако сакате да ја завршите таа работа, треба да бидеме единствени , да политизираме тука два дена, три дена, пет дена, дали се изградило 64-та, 68-ма добро знаеме емисиии има, географии има, како се изградило, колку имало вода, ене наму повоздрасен човек од нас има, Трајче Грков е тука кој што имал милјарда дискусии за тоа Тиквешко Езеро . Јас ќе ви докажам уште нешто. Заради Тиквешкото Езеро е изграден и Еуроникел или Фени Индустри е на таа локација , за да зима вода за ладење на печките. Значи тука има милион поврзани субјекти, можеме да продаваме историја до утре. Јас децидно сакам да кажам дека требе сите едногласно за ваа работа да застаниме, да го решиме проблемот. Да не раскраваме ел. енергија, да не

расправаме колку тоа кошта. Ако почниме да зборуваме 2000 викенд населби, куќи кои се населени на Тиквешкото Езеро, кои што некоја, не некоја туку државата овозможи можност да се легализират, имат правен статут на легализирани објекти и право на сопственост. Тие повеќе вредат од 3 годишно производство на ел. енергија. Ни му го обевреднуваме имотот на луѓето. Тој имот е регистриран, може да се праве попис на регистрација на имот, да се направе проценка колкав е тија имот. 700 000 евра вложуваме во водоснабдителен систем за водоснабдување на Брушани, Брушанско и Заливот. Претходните градоначалници дали бил Панчо Минов, дали бил Александар Панов и они уложувале во Тиквешкото Езеро, сме вложувале на манастирот кој што го поседуваме и сега на крајот ќе дојдиме да се натпреваруваме којшто успеал. Не значи да Водостопанската согласност законски не ја нарушува ХЕЦ Тиквеш али морално и од општествени одговорности ја нарушува. Просто кажано Законот за Скопје 120, ако врне снег ќе возам 80, па нели гледа тија директор да испадне да се каче на браната да виде дека праве пустош позади брана реално кажано , не сакам да го напаѓам лично, он е директор во моментот, претходдно имало 11 години друг директор. Не викам дека било иделано претходно или била котата нарушена или ненарушена или било што. Дај да застанеме здраво. Јас си ги презимам сите одговорности, а бенефитот нека биде на граѓаните, не мој личен, ниту политички, тоа никако. Да направиме иницијатива од цела работа, да не бидеме послушници и доушници на партиите од Скопје или кординаторните групи кои што пишат пораки секојдневно, кој да дојде, кој што да каже . Воа е за Кавадарци, воа е за Кавадарчани. 2000 викендици убаво ви кажаа. Да има и комерцијален дел, има рибници. Никаков бенефит нема Општина Кавадарци освен економски развој, туризам и животна средина нема од ХЕЦ Тиквеш. Вуко ти си помлад, се сеќавате повозрасните ХЕЦ Тиквеш беше носител на економимијата во Кавадарци . Колку проекти преку ХЕЦ Тиквеш се изработени за Кавадарци далноводи, трафостаници, патишта и ред други,други работи , донации на Општината даваше, спорт, ракомет беше носител на Општината. Сега централизацијата нас ни дозволи да гледаме од страна и да кажуваме дека имало еден инспектор во Републиката, па дали ќе бидел слободен да дојде. Нека не иде тија инспектор. Нека не иде. Ќ е му одговориме на меил ни. Сакам да застанете здраво за оваа работа, да застанетека граѓани, како сограѓани и како луѓе избрани од народот. Малку да покажете единство. Д аова работа ќе ја водиме, нема политички моменти, одговорноста е колективна, одиме со многу добар предлог од Иницијативата, за 10 дена да се најде одговор. Јас уште денеска ја прифаќам таа иницијатива и би бил носител на иницијативата, дури и би се потпишал и како Митко Јанчев и како Градоначалник од Општина Кавадарци. Верувам дека и вие како советници 19 сите до еден на број и нормално сите сограѓани би ја подржале

оваа работа, да му кажиме на тие во Скопје, да му кажеме на директорот од Битола дека таа работа не бива во Кавадарци вака, дека Тиквешкото Езеро ни сакаме да го направиме да биде пловно езеро, инвестираме во брод, да има туризам , да го развиеме манастирскиот живот, да ги развиеме тие пештерски, културни наследства кои што некој ни ги оставил таму, да го развиеме тија рибен фонд . Зошто тогаш Министерството за земјоделие издава континуирано и цело време концесиски дозволи за одгледување на риба, а таму нема услови за одгледување, колку пати се случи помор на Тиквешкото Езеро во тие рибници и после ќе зборуваме за штета , нерационално, нееднакво, несоодветно се ра&оте. Да нема да мешам коти , дали треба да бидат 250, 260 , ќе се направе Елаборат, нема да го праве државата тија Елаборат, има и универзитети , има институти, ќе дојдат надворешни ќе го направат. Некој ќе го плате. Може ќе го плате некој кој што има интерес приватен , јас можам да помогнам, тојможе да помогне, а најдобро е да го плате Општината да го направат. Не тоа спорно, ќе донесиме одлука. И уште една работа Тиквешко Езеро кога е направено 64-та, 68-ма година морам да го спомнам покоен академик проф. д -р Филиповски. Тоје е основачот на Земјоделски, Шумарски Факултет и иницијаторот за водоснабдувањето од Тиквешко Езеро, а после 20 години кога дошле Израелците кај нас кажале дека со воа езеро они можат цела Македонија да биде плодна, ако не е тоа езеро ние немаме плодна почва. Единствен стабилен систем за наводнување ни е Тиквешкото Езеро кое што плодноста на цела почва ја имаме тука благодарение во цела Тиквешија, врз основа на тоа. Значи да водоснабдителниот систем е битна работа , се знае приодот за водоснабдување, ел. енергија е битна, меѓутоа ако гледаме дека 2 месеца, три нема да врне, е суша како ланската година што беше, катастрофална суша. Не можиме сите ресурси да ги потрошиме и да останиме на сува рида. Значи буквално треба сите аспекти да ги запазиме и ова иницијатива јас предлагам да оде со Заклучок . Доколку се изгласа , би сакал едногласно да ја изгласате сите како советници, да биде Општината носител на иницијј^шиввгеа, доколку дозволат од иницијаторите, заедно сите и иницијаторите и секој еден да може да се приклуче и да бараме во рок од 10 дена мерки. Јас не се плашам воопшто од ваа работа , не се срамам што сум од тука, верувам и вие истото тоа го мислите и треба да тропниме на маса во Скопје да му кажеме ваа работа не бива. Тропнаа во Гевгелија и во Валандово за рудникот дека не треба да се експлоатира, ја викам требе, тија рудник ако беше за експлоатација, ако не ја користеа концесијата ќе имаме плус 5 000 000 000 евра, ама во тој момент, во таа политичка состојба, во тие предизборија се поништи концесијата. Значи ние сега треба да ја гледаме овој момент стабилноста на општината, општината има таму просперитет за развој, просперитет за економија, за привлекување туристи, за инвестиции и нормално за понатамошно

развивање на Тиквешко Езеро. Исто така ќе потенцирам и ќе кажам дека тој предел кој што го кажавте и претходно е еден од најубавите предели . Тоа е факт, нема што да негирам. Тоа тука постојат села кои што се постари и од град Кавадарци, дали е Дабниште, дали е Бегниште, Ресава и ред други села. Вливот на Тиквешкото Езеро тоа е една прекрасна природа, сумја видел и лично, меѓутоа не смееме да дозволиме да се плитизираме и да кажиме сега 0,5%, 1% па на крајот од денот, па ваа држава од 0,5% не пропаднала, ваа држава не пропадна од ваа економска криза во моментот . Во моментот економската криза со енергетиката. Да сите не тангира, секторот, домаќинствата се под повластена Регулаторна Комисија. Сега иницираме и ние како општина да влезиме во повластена регулатива, затоа што електричната енергија, ама тоа не може да биде на репер на екологија, животна средина, развој и на крајот од денот граѓанството и мнозинството на граѓанството одлучува за таа работа. Ако е тоа на територија на Локална Самоуправа Кавадарци и ако сме ни Локална Самоуправа, а не управа можеме да распишиме Панчо и референдум за таа работа, па да видиме што ќе кажат граѓаните. Не може да страда Кавадарци за нешто што се вика електрична енергија или цела територија така да има повеќе Методологии, не би сакал сега да шпекулирам и да бидам погрешно разбран од целата работа, стручно нека се произнесат сите кои требе, од екологисти, од хидролози, од инжинери, машински било шо, да се влезе тоа во Записник, да направиме Комисија и јас ова работа не би лутал да одам до инспекторати за животна средина дирекно сакам заклучокот да го пуштиме во Влада, Влада да не повика, да не повика и животна средина, да го повика и Инспекторатот и нека си изгубе 45 минути за нас како Општина да се одрже состанок нареден во Владата заедно со сите елевантни фактори за животна средина, Фонд за води, директор на ХЕЦ Тиквеш, директор на ЕСМ, да биде кординативен состанок, да не лутаме ние по нив, туку да биде Владата таа која што ќе не повика на состанок. Доколку дозволувате така или имате некоја друга причина да се додаде нешто стојам на располагање и единствен спас, воа е срамота да збориме ни спас, значи нема спас, треба опстанок и треба да го вратиме тоа во првобитна состојба и луѓето се коректни што го барат нивото да биде од- до. Значи опстанок ќе биде, а не спас, али еве нема од што да се спасуваме, еве јас да кажам од што се спасуваме, се спасуваме од тоа нешто што не го гледаме, значи жално е кога ќе отидиш да го видиш Тиквешкото Езеро во каква состојба е. Да жално е. Од емотивна гледна причина и од причина на надворешни гледни точки и од рибарство, екологија и од било која гледна точка. Овој денеска ХЕЦ Тиквеш се ни праве математики, колку струја ќе произведе, па таргети брка, па бонуси брка, па плата да обезбеди , се .Значи има начини тоа како се допринесе и да се направе акумулацијата да се заштите и да акумулацијата ја загарантираме на минимална кота која што ќе ја определе стручното тело кое што ќе биде од

Универзитет или од која било структура, кое што е назначено и да се огласе според тоа. Тоа е еден проблем што кога ни би го надминале и кога би имале кота погоре од сегашната, тогаш би можеле да разговараме за некоја фаза на повеќе инвестиции и Европски фондови и Еколошки фондови и развој на туризам и било шо у делот на Тиквешкото Ез^ро, регионот до Тиквешкото Езеро , манастирскиот живот и било шо и уште ова ќе ви потенцирам. Мене ми беше срам кога седев со еден висок странски гостин и кога ми раскажуваше за Полошки Манастир и за пештерата и за Тиквешко Езеро, ја помалку знаев од него, е сега ни не знаеме да си го заштитиме нашетко, а тие луѓе кои што се тука дојдени како амбасадори или чинители на некојаси државна функција опд други држави знаат повеќе за нашето Тиквешко Езеро , кое што му оставило впечаток и историски моменти кои што ги раскажува и многу подалеку од кај нас.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалниче предлогот наш беше конкретно тоа. Ја подржуваме иницијативата, да се соберат сите засегнати страни и да не се оди со конкретни коти со цел да не остане одредена страна оштетена, бидејќи не сме ни стручни. Тоа беше нашето .

ПРАТЕНИК ПАНЧО МИНОВ: Претседателе само прецизирање. У интерес се квалитетно заклучи. Градоначалникот вика јас ја презимам сета одговорност, Локална Самоуправа ќе ја води, тоа е сето убаво, но ја лоцира работата на републикчките органи , што е и надлежност на одлучување. За таа работа искуствено, треба ние до Градоначалникот треба да направе , а формира таа претставничка екипа да а кажам, кај жто ќе ве биде и од советниците и он и вие како пратеници, бидејќи сме ние таму во Републиката што треба да застапуваме и да подготвиме за овој момент, значи за таа средба да подготвиме еден материјал да му пуштиме и да Градоначалникот се јаве, ние како пратеници да се јавиме кај еве го лоцира и тоа е добар предлог кај Премииерот да се обратиме, па он како ќе ја насоче работата и да например одиме со некој од тука подготевен материјал и она што ние е цел да го постигниме на тој состанок. Значи тоа би било најиделаен заклучок од цела ова расправа и да знаеме таму шо бараме у контекст на ова сега што го диск.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во тој случај доколку ова сега советниците го изгласат такво со заклучок ние се обврзуваме во рок до понеделник, а формираме таа комисија, а формираме комисијат, а комисијата најдоцна до среда, после понеделник најдоцна до среда си земе за обврска да секој во својата област или дејност собере материјали и со тие материјали го поднесиме тоа како барање за состанок.Мислам дека во тојконтекст треба да се движиме. Како и да е , ако биде се во ред и со гласањето во понеделник во време прилагодно за сите да одовара да закажиме состанок во Општината за комисијата да се состане.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Со тоа што е исцрпен

разговорот по оваа точка заедно со сите забелешки и заклучоци точката и предложените насоки од Градоначалникот ја ставам на гласање. Кој е за. Заедно со двајцата советници значи ова точка заедно со насоките како да се цела работа насочува е прифатена со 19 гласа за.

Со тоа почитувани советници е исцрпен дневниот ред на 6-тата по ред Седница на Совет на Општина Кавадарци.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов с.р.